## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 март 2000 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВ0 КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Нано Ружин, Стојан Попов, Томислав Петровски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 61 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваа мнозинството на пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија господинот Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од Триесет и втората, Триесет и шестата и Триесет и осмата седница на Собранието Ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците. Нема.

Констатирам дека записниците од Триесет и втората, Триесет и шестата и Триесет и осмата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Законодавно - правната комисија предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Барање за давање на автентично толкување на член 45 од Законот за ловство, поднесено од Ловечкото друштво Еребица"-Скопје.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

59 пратеници гласаа за, 1 воздржан и 4 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со предлози на одлуки за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Климент Охридски", за изменување на одлуките за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка Парламентите на Република Грција и на Република Ирска, за именување републички советници на Собранието на Република Македонија, за разрешување и избор на член на Советот на Народната банка на Република Македонија и за избор на членови на управните одбори на јавните здравствени организации Градска аптека 7 Ноември" - Гевгелија, Републички завод за здравствена заштита - Скопје и Здравствен дом Вевчани.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

64 пратеници гласаа за, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловниот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за измена на Законот за гарантирање на инвестицијата на стратешки инвеститори и за преземање на одделни побарувања од крајни корисници од страна на Република Македонија во Стопанска банка а.д. Скопје, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

69 пратеници гласаа за, воздржани нема и 2 се против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа на оваа седница.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот Ви е доставен.

Ве молам да гласаме.

64 пратеници гласаа за, 1 е воздржан и 1 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Група од 47 пратеници предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Ве молам да гласаме.

64 пратеници гласаа за, 1 е воздржан и 3 се против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратеникот Чедомир Краљевски предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје и претседател на Апелациониот суд во Штип.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Ве молам, да гласаме.

65 пратеници гласаа за, 2 воздржани и против нема.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за здравство предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за измена на статутот на Јавната здравствена организација, Специјална болница за ортопедија и трауматологија Охрид.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Ве молам, да гласаме.

Господинот пратеник Азис Положани има процедурална забелешка.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, поради чувствителноста на самата оваа одлука, затоа што се работи за именување на една медицинска установа со едно име со верско значење, како што се предлага болницата за ортопедија и трауматологија во Охрид да се преименува во “Свети Еразмо", мислам дека таа работа е чувствителна од повеќе причини.

Заради потребата од дополнителни консултации, а со оглед на тоа што и јас сум член на Комисијата за здравство, а тој ден кога е донесена таа одлука, јас не успеав да го издвојам мојот став поради објективно не присуствување на седницата, би молел оваа одлука да се повлече и да се достави евентуално после дополнителните консултации за евентуално некое подобро решение.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сакам да Ви укажам дека ние расправа водиме откако ќе одлучиме дали ќе ја ставиме, или нема да ја ставиме точката на дневен ред.

Ова е прелиминарно гласање, дали ја ставаме или не ја ставаме точката на дневен ред, а откако ќе ја ставиме точката на дневен ред, тогаш можеме да водиме расправа дали треба, не треба.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, мене тоа ми е јасно и затоа не се впуштив во целисходноста во потребата на една таква одлука. Затоа барам само одлагање на оваа точка од денешниот дневен ред, а кога ќе дојде на дневен ред за да се дискутира ако евентуално се усвои, тогаш тоа би било една материјална расправа. А сега само заради чувствителноста на оваа проблематика што има знаци и од електоратот таму и од тие засегнати луѓе таму, мислам дека предлогот е само да се најде разбирање да се симне заради дополнителни консултации. Само тоа засега го барам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Оваа точка може да ја повлече од дневниот ред сега само предлагачот, а тоа е Комисијата и претседателот.

Јас ја имам добиено и по Деловникот јас сум должен да ја ставам на дневен ред за да ја изгласаме, или нема да ја изгласаме.

За збор се јави Никола Јованов, кој е претседател на Комисијата.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Господине претседателе, колеги пратеници, на Комисијата за здравство оваа точка на дневен ред помина. Сега е многу непријатно што колегата пратеник Положани не беше присутен баш на таа седница на Комисијата за здравство. И сега навистина не знам како да постапиме кога веќе тоа поминало на Комисија, навистина тој не беше присутен.

Навистина не знам, сега сум во дилема бидејќи до Комисијата со вакво барање се обрати самата здравствена институција и инсистираше тоа што побрзо да дојде на дневен ред на Собранието. И сега навистина не знам дали да ја повлекуваме точката, а веќе поминала на Комисија.

За жал колегата не беше присутен на таа седница, меѓутоа, не знам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи Вие си останувате да гласаме прелиминарно дали ќе ја ставиме на дневен ред или не.

За збор се јави г. пратеник Звонко Мирчевски.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

За дополнување на дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За тоа отпосле. Не можеме сега.

Сега зборуваме за оваа точка на дневниот ред.

Ќе ве молам, ние не водиме сега прелиминарна расправа.

После ќе водиме расправа.

Сега водиме расправа дали треба да ја ставиме на дневен ред, или не треба да ја ставиме на дневен ред.

Не навлегуваме во суштинска расправа и немојте да наметнувате суштинска расправа кога се утврдува, веќе ова е прва фаза дневниот ред.

После тоа кога ќе го читам дневниот ред, пак ќе разговараме околу тоа прашање, дали да се симне, или не.

Сега имаме предлог од Комисијата и по тој предлог на Комисијата ние треба да гласаме.

Можеби и нема да ја ставиме на дневен ред ако изгласаме да не се стави.

Јас не знам зошто се води расправа.

Има збор г. пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Нема да навлегувам во материјална расправа по однос на точката, бидејќи точно деловнички ние таа расправа ќе ја водиме и Собранието ќе се изјаснува кога ќе расправаме по точката.

Но, тоа не значи дека по предлогот на дневниот ред ние немаме право да се изјасниме, односно да ги изнесеме нашите мислења, дали некоја точка треба да се стави на дневен ред или не.

Еве, јас се повлекувам, но само ви укажувам, немојте да ни го ускратите правото да се произнесеме кога Собранието расправа по дневниот ред. А не држат аргументите што и претседателот на Комисијата за здравство ги изнесе и вашето оправдување, од причина што такви укажувања имало и во Законодавно - правната комисија за што стои и во самиот извештај на Комисијата. Но, во ред, ќе расправаме кога ќе дојде точката на дневен ред, или нашиот став ќе го изнесеме и тогаш.

Но, ние цениме дека таа точка не треба да се стави на дневен ред, од причина што ќе повлече многу импликации и политички. И треба уште еднаш двете комисии, и матичната комисија и Законодавно - правната комисија да ја разгледаат уште еднаш идејата, се однесува како што знаете само за еден дел од Статутот, по однос на преименувањето на името на соодветната здравствена установа во Охрид.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Комисијата за здравство не се повлече и предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за измена на статутот на Јавната здравствена организација, Специјална болница за ортопедија и трауматологија Охрид.

Предлогот ви е поделен.

Ве молам да гласаме.

60 пратеници гласаа за, воздржани нема, 16 се против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за гарантирање на инвестицијата на стратешки инвеститори и за преземање на одделни побарувања од крајни корисници од страна на Република Македонија во Стопанска банка а.д. Скопје, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ревизијата, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за домување, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за телекомуникациите, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на Закон за Ратификација на Протоколот за автентичниот петојазичен текст на Конвенцијата за меѓународното цивилно воздухопловство, со Предлог на закон;

7. Барање за давање на автентично толкување на член 45 од

Законот за ловство, поднесено од Ловечкото друштво "Еребица" - Скопје;

8. Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки;

9. Предлог за разрешување заменик на вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје;

10. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски";

11. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија, за соработка со Парламентот на Република Грција;

12. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија, за соработка со Парламентот на Република Ирска;

13. Предлог на одлука за именување републички советници во Собранието на Република Македонија;

14. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Градска аптека "7 Ноември" - Гевгелија;

15. Предлог на одлука за разрешување и избор на член на Советот на Народната банка на Република Македонија;

16. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Републички завод за здравствена заштита – Скопје;

17. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом – Вевчани;

18. Предлог на одлука за огласување и избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје и претседател на Апелациониот суд во Штип;

19. Предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за измена на Статутот на Јавната здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија - Охрид.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Сега, ќе одиме по ред.

Најнапред се јави г-динот пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, јас немам конкретен предлог по однос на дневниот ред, само го ажурирам заклучокот од минатата седница, кој од прилика гласеше, ако до оваа седница стигне извештајот за работењето на МРТ, тогаш за оваа седница ќе биде на дневен ред. Тоа е заклучок од минатата седница.

Молам, да се внесе во дневниот ред по можност да не се јавувам пак, да биде втора или трета точка. Благодарам г-дине претседателе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Биљали сакам да ви одговорам следново, јас добив информација таква каква што ја баравме од МРТВ. Меѓутоа, сметам дека најнапред треба да ја разгледа Советот за меѓунационални односи во еден поширок контекст, за застапеноста на програмите на јазиците на националностите, не само на МРТВ, туку и пошироко.

Заедно со заклучоците на Советот на меѓунационални односи на една од наредните седници да ја разгледаме и таа Информација.

Во тој контекст би дискутирале.

Ако инсистира Собранието, јас можам чисто само таа информација да ви ја дадам, а Советот за меѓунационални односи да расправа и подоцна.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Не, ако е така, Комисијата за меѓунационални односи би требало да расправа и Комисијата за политички систем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не, јас говорам за Советот, а тоа не е тело на Собранието.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Мислам дека не е задолжително за ова прашање, тие можат да расправаат, меѓутоа не е задолжително во однос на работењето на оваа седница на ова Собрание и мислам дека ние можеме да расправаме, па Советот си има свој компетенции и надлежности нека расправаат тие и понатаму.

Мислам дека ние можеме да донесеме соодветни заклучоци, од тоа што според Законот тие имаат обврска, односно МРТВ има обврска еднаш годишно да информира и да поднесува извештај пред ова Собрание и тоа е одвоено од тоа што може да расправа

Советот за меѓунационални односи. Нормално, таа е сосема друга институција.

Мислам дека не би требало ние толку лесно да преминеме низ заклучоците што ги донесуваме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Знаете ли зошто тоа го мислев така? Бидејќи, ние сме должни како Собрание да ги поставиме на дневен ред заклучоците на Советот за меѓунационални односи и да расправаме по нив, подобро е да расправаме и да ги имаме и тие заклучоци кога ќе ја гледаме Информацијата што ни е доставена од МРТВ.

И, тогаш ќе ги имаме, да не ги гледаме отпосле откако ние ќе заклучиме по таа Информација.

Но, ако вие инсистирате, јас можам да Информација да ја поделам и дури ако одлучи Собранието, можеме да ја ставиме на денешнава седница.

Тоа не е никаков проблем ако вие инсистирате тоа ќе го ставиме на дневен ред и ќе гласаме за тоа. Ако не, тогаш јас го предлагам овој друг начин, кој што мислам е по ефикасен и пошироко вклучува повеќе субјекти. Добро, ако инсистирате ќе го ставиме тоа прашање на дневен ред на денешнава седница.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Инсистирам да се стави на дневен ред и мислам дека Информацијата е добиена од пред 4-5 дена и веројатно е доставена до сите пратеници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тогаш, да се произнесеме.

Г-динот Мерсел Биљали предложи денешниов дневен ред да го дополниме.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Мислам дека не би требало да се гласа, затоа што ова е заклучок од минатата седница. Така ни е кажано.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Меѓутоа, редот да го сочуваме, сепак со гласање го утврдуваме дневниот ред. И, ќе предложиме, овде има и други предлози денеска, кои што ќе произлезат од пратениците, треба да го ставиме.

Ќе ве молам, вам ви е поделена Информација, врз основа на заклучок на Собранието од страна на МРТВ.

Г-динот Мерсел Биљали побара ние денеска да се произнесеме и да ја ставиме на денешната седница на дневен ред таа Информација.

Ве молам, со гласање да се произнесеме по Предлогот на г-динот Мерсел Биљали.

Информацијата доставена од МРТВ да ја ставиме на денешниот дневен ред.

Да гласаме за тоа.

32 пратеници гласа "за", 38 пратеници гласаа "против", 5 пратеници се воздржани.

Според тоа, ќе ми дозволите г-дине Биљали на наредната седница јас да ја ставам Информацијата на дневен ред.

Денеска немаме, навистина, расположение да расправаме.

На наредната седница јас ќе ја ставам на дневен ред и онака имаме заклучок да ја ставиме.

За збор се јави г-динот пратеник Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господа министри.

Барам Информација од Владата на Република Македонија за состојбата во водоснабдувањето на општина Свети Николе, поточно на Градот Свети Николе. Би дал кратко образложение.

Пред една или две години се дигна голема паника во јавноста, а беше точно околу битката на вода за пиење во Градот Берово. За Ваше информирање денешните анализи од стручни екипи кажуваат дека 45% е повеќе загадена водата во акумулационата барана "Мавровица", како што беше во однос на општина Берово. Од стручни анализи во овој момент кога е зимски период и кога органските материи кои се дозволени од 8 до 12 млг. по литар, во моментов со целта технологија и техника со која располага прочистителната станица е 25 до 30 млг. на литар. Што значи, постои опасност од загаденоста на водата за пиење со органски материи.

Она што посебно загрижува е тоа што се создаваат такви трихолометали кои се штетни за здравјето, не е смешно, затоа што создаваат индиции за карценоми и разни други заболувања.

На последниот состанок кој се одржа во Свети Николе беа стручни екипи, кои се најстручни во оваа држава и сите констатираа дека водата за пиење е на границата и никој не сака да превземе одговорност да даде службено дали водата е за употреба или не е за употреба.

Моето барање е до Министерството за развој, кое оваа година издвојува средства за

повеќе брани за акумулации кои што користат во РМ, да се уврсти и Браната "Мавровица" во општина Свети Николе.

Министерството за урбанизам, исто така, треба да помогне во делот на средствата за обезбедување за реконструкција и реновирање на прочистителната станица во Градот Свети Николе.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кое располага со средства наменети за пиење за компактно неразвиени рурални средини.

Сигурно, Министерството за екологија кое многу добро се дружеше за тибите во Злокуќани, сега е на ред да го положи испитот за граѓаните во Градот Свети Николе.

Барам, посебно до Министерството за екологија, да направи голема анализа за водата за пиење, затоа што со голема анализа која не се врши во РМ, може да се утврди фактичката состојба каква е водата. Од сите овие работи барам ургентност по ова прашање и до сите министерства, т.е во Владата на Република Македонија.

Дали во моментот може да одговори некој од присутните министри, сигурно не, но бидејќи за оваа работа треба време, барам денеска не е, иако е итна состојбата, не може да се уврсти во дневниот ред, тогаш барам за првата наредна седница на 5.04.2000 во среда, сите министерства да си земат дел од обврската.

Благодарам г-дине претседателе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по барањето на г-динот пратеник Слободан Даневски.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Барањето го сметаме како пратеничко прашање и пратеникот на 5 април на закажаната седница на Собранието, ќе добие одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, на 5 април ќе добиете одговор на седницата што е закажана.

Збор побара г-динот пратеник Димитар Бузлески.

**ДИМИТАР БУЗЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, на неколку претходни седници јас ја актуелизирав Информацијата за движење на цената на нафтените деривати и методологијата за формирање на таквата цена. Барав информации за тоа Владата преземаше обврска, на претходната седница од страна на претставникот на Владата беше преземена обврска да се изработи таква Информација и Владата да ја предложи на расправа на Парламентот. Јас тој заклучок го извлеков од стенограмите и го имам, со оглед на тоа што на денешнава седница Владата не предлага таква Информација, туку изнајде друга форма, да изработи кратка Информација за информирање на пратеникот, јас понатаму се откажувам од тоа барање за изработка на таква Информација од страна на Владата и Владата да биде предлагач на таквата Информација за расправа пред Парламентот, со задржување на деловничко право да се изработи од наша страна, од моја заедно со мои колеги пратеници од мојата пратеничка група и по деловнички процедурален пат да ја доставиме до Парламентот за расправа. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека навистина ова е за поздравување, малку да го активираме законодавниот дом да се постави во однос на извршната власт во една многу поактивна улога.

Јас мислам дека Владата не ќе има ништо против тоа, г-динот Бузлески заедно со соработниците да подготви една таква анализа. Тоа е во ред.

Одиме понатаму.

Збор има г-дин пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, предлагам на оваа седница да биде, исто така, како посебна точка на дневниот ред уврстена Информација за судбината на ФЕНИ и ФЕНИ МАК во Кавадарци.

Фактички, сведоци сме на една чудна постапка која трае подолго време, скоро година дена, каде што секој ден се даваат изјави, едни велат дека е решено прашањето на ФЕНИ, веќе нашле стратегиски инвеститор. Други велат дека што туку не го затвориле или треба да го затворат. Значи, постојани несигурности и постојани нервози, постојани искушенија им се приредуваат на сите вработени, на сите членови и нивните семејства и на целиот тој крај. Мислам дека целата постапка се влече многу не транспарентно. Не е извесно зошто кога се јавија двајца странски инвеститори, странски заинтересирани партнери за стратешки инвеститор овде, стратешки партнери, нема прецизно изјаснување и јасно заземање на став. Што стана со иницијативата и предлогот на "Инперијал метал" и сега на "Гленкор". Зошто се влече целата работа и каква ќе биде

судбината на оваа фирма, каде работат непосредно во неа повеќе од илјада граѓани, а фирмите кои зависат од работењето од оваа фирма, исто така, ангажираат околу 500 граѓани. Тоа се најчесто и по еден член од еден член од семејствата таму што се на работа. Тие околу 1.500 семејства ќе останат без ниеден член со извор на средства за егзистенција.

Затоа предлагам, да се даде Информација, да се информира, да не се создава една атмосфера на неизвесност и збрки, се даваат противречни изјави. Гледам дека вработените сакаат да ги блокираат патиштата сега и да демонстрираат. Зошто не се излезе во јавноста за тоа.

Затоа предлагам Парламентот да биде информиран, да се дадат такви информации и овде да расправаме за неа. Јас само напоменувам на ист начин се однесуваат државните органи спрема ФЕНИ и кога беше 3.500 илјади цената на никелот и сега кога е 10.500 илјади просто не разбирливо. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Стојан Андов за поставеното барање.

Го молам претставникот на Владата, г-динот потпретседател Бедредин Ибраими, да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Се работи за едно мошне чувствително прашање и има одредени неусогласени ставови со Светската банка, па поради тоа и не може да се реализира изнаоѓањето на стратешкиот партнер, односно реализација на Договорот.

Владата прифаќа да изготви таква Информација и ќе биде доставена до Парламентот. Не на редната седница, не на оваа седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине пратеник Стојан Андов, го слушнавте одговорот на претставникот на Владата и повелете, дали сте задоволни?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прифаќам да биде, ако не може на оваа седница, нека биде и на наредната седница. Но, уште денес предлагам не само во Информацијата да бидат исто така опфатени "Гленкор" и сегашните спорови со Светската банка, туку и целиот случај со"Инперијал Метал".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред е.

Збор има пратеник Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Пошто претседателот се изјасни, исто така, моето прашање беше и сакав да биде на дневен ред Информацијата на МРТВ, бидејќи претседателот кажа дека тоа ќе биде на наредната седница, тоа ќе биде во ред. Прашањето ни е исто.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има г-динот пратеник Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Претседателе, јас немам некое прашање кое што би сакал да се уврсти во дневниот ред, меѓутоа, сепак во согласност со Деловникот за работа, би сакал да поставам пратеничко прашање, иако знам дека за идната седница се закажани пратеничките прашања, сметам за едно прашање кое што денеска сакам да го поставам, немам време за чекање, затоа што мислам дека одговорот е значаен за македонската јавност.

Имено, денеска во Дневниот весник "Македонија Денес" се појави, би рекол прилично сензационален наслов "КВОР шири сида во Македонија", во кој што се третира еден случај кој што се случува на македонска територија и тој наслов во исто време е премногу загрижувачки, нормално, доколку е вистинит.

Во таа насока барам, согласно Деловникот за работа, Министерството за здравство во писмена форма или доколку може веднаш да ни одговори дали има вистина во денешното пишување на веќе споменатиот текст или станува збор за обична шпекулација.

Доколку има вистина, барам одговор што се презема од нашите надлежни органи по ова прашаше. Но, доколку не е ова вистина, барам одговор што се презема од нашите надлежни органи, мислам во насока на писанието. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Филип Петровски за прашањето.

Дали тука имаме претставник од министерството за здравство?

Ако нема, тогаш го молам потпретседателот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Преземаме обврска, Министерството за здравство да изготви писмен одговор на поставеното прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има г-динот пратеник Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, пред две седници поставив барање за Информација во врска со не искористените средства од Светската банка. Тоа се 141 милион долари. Претставникот на Владата прифати дека ќе достави таква Информација. За минатата седница не достави. Беше ветено, а го потсетив на минатата седница и беше ветено дека на оваа седница ќе биде доставена таа Информација.

Г-динот Чибер од Светската банка беше овде и овој проблем беше разгледуван и во Владата и во некои комисии таму, просто ми е не разбирливо и не можам да го прифатам односот Владата, барањата на пратениците, да не ги прифаќа и да не доставува Информации. Некако како Владаа да е изнад Парламентот.

Ве молам, вие прифативте во некоја од минатата седници дека навистина информациите кои се бараат од страна на пратениците, ќе бидат, односно ќе инсистирате да бидат доставувани.

Јас ќе инсистирам на оваа седница оваа Информација да биде доставен. Тоа е прво.

Второ, на минатата седница побарав Информација за "Алмако банка". Прашањето на постапката за ликвидација на оваа банка, беше прифатено од страна на претставникот на Владата дека ќе ја достави таа Информација, таа Информација денеска исто така не е доставена.

Со оглед на односот на Владата кон овие Информации, пратеничката група на СДСМ се прифаќа сама да изработи Информација за "Алмако Банка", за последиците од ликвидацијата на "Алмако Банка" по институциите и органите на државата и би сакале, односно ќе предложиме на првата наредна седница да биде разгледана таа Информација, изработена од пратеничката група на СДСМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Илија Филиповски, господине потпретседателе Ибраими, повелете.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Забелешката на господинот пратеник стои, но веројатно поради зафатеност на министерот за финансии не се изготвени овие две Информации. Ако имаат трпение да сочекаат, да ја изготвиме таа Информација добро, ако не, очигледно дека Владата во сенка на СДСМ веќе се активира, па Вие треба да одлучите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро би било да ги добиеме и двете Информации, да ги добиеме и согледувањата од СДСМ, а и од Владата, па во исто време да ги гледаме и двете.

Тоа би било идеално, но во секој случај ако имате трпение ќе ја добиете, ако не, не е проблем но, навистина е добро да се подготви и наша Информација, мислам од страна на Собранието.

Дали сте задоволни господине Филиповски?

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Не сум задоволен, од причина што месец дена за многу актуелно прашање, не искористени средства од Светската банка, ние сме пратеници во Парламентот, а не можеме да добиеме Информација зошто се не искористени, во кои области се не искористени.

Мислам дека не е коректно од страна на Владата нас пратениците да не остават без информирање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние ќе инсистираме таа Информација да дојде, а што се однесува до "Алмако банка", може да биде и заедничка.

Има збор господинот пратеник Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, во името на група пратеници од СДСМ, а верувам дека ќе има поддршка и од други пратеници од другите пратенички групи, поднесувам барање за поднесување Информација за состојбите, мерките и активностите што се преземаат во врска со спасувањето на Дојранското езеро. Ќе се обидам накратко да дадам образложение за ова барање.

Состојбата во која се наоѓа Дојранското езеро е општо позната не само на македонската, туку и на пошироката јавност. Езерото се наоѓа во критична фаза, пред целосно изумирање, а опасноста дека може да исчезне како национално природно богатство треба да понуди највисок стратешки национален интерес.

Значењето на Дојранското езеро е големо и за поширокиот регион како во Република Македонија, така и во Република Грција, а пред се имајќи го предвид природниот, туристичкиот, здравствениот и стопанскиот аспект.

Поради ваквите состојби произлегува потребата од преземање итни мерки за неговата заштита, усогласени и донесени од страна на сите релевантни органи и институции, односно мерки за надминување на состојбите и трајна заштита и спасување на Дојранското езеро.

Езерото по природен пат не може да се поврати и е потребно најдиректно вклучување и ангажирање на човечкиот фактор. Во изминатите години, активностите за спас на Дојранското езеро беа насочени само околу евидентирање на проблемот, со изработка на сепаратни студии, кои со себе нудеа само парцијални решенија, а не беа преземани никакви конкретни зафати. Изработени се голем број студии, но не постои интегрална студија, физибилити студија, со мерки за нејзино оживотворување во практиката.

Поради тоа, неопходно е Владата да пристапи кон формирање меѓу ресорска комисија од највисок ранг и сите државни органи и стручни институции да ги ставаат на располагање своите техничко-технолошки и кадровски ресурси. Спасувањето на Дојранското езеро треба да биде приоритет од посебно значење за Република Македонија, при што треба да се ангажира солиден тип од домашни и странски експерти, кои ќе ги разгледаат сите досегашни изработени документи и студии и преку билатерална соработка со Република Грција, заеднички да се делува за спасување на ова природно богатство.

Поради ваквата состојба, бараме Владата, итно, на првата наредна седница да изготви Информација, која ќе се разгледа на ова Собрание и со која пратениците и пошироката јавност во детали ќе бидат запознати за состојбите, мерките и активностите што се преземаат во врска со спасувањето на Дојранското езеро.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Кирил Настевски.

Го молам потпретседателот Бедредин Ибраими да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Министерството за животна средина интензивно работи околу ова прашање, а мерките кои ќе бидат преземени нормално ќе произлезат од ова Министерство и ќе бидат предложени пред Собранието на Република Македонија.

Барањето го сметаме како пратеничко прашање и ќе добиете одговор во писмена форма, за сите мерки кои се преземаат од Министерството за животна средина, околу спасувањето на Дојранското езеро.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Ми се чини бев јасен. Пратеничко прашање и одговор на пратеничко прашање има друга тежина.

Јас со група пратеници, а верувам ќе има поддршка и од други пратеници, побарав Информација за наредна седница, што ќе ја разгледа овој Парламент и јавноста треба навистина да дознае заправо што се случува со Дојранското езеро.

Според тоа, навистина инсистирам тоа да биде Информација, која ќе се разгледува на седница на Собранието на Република Македонија.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Во оваа насока, ништо не се крие од јавноста.

Одговорот на пратеничкото прашање Вие после можете да го поставите пред Собранието, тоа да се постави на дневен ред.

Дали ќе биде поставено, ќе одлучи Собранието.

А за мерките кои се преземаат од страна на Министерството за животна средина, ќе бидете набрзо запознати, откако ќе имаме предлог од ова Министерство пред Собранието на Република Македонија, во врска со ова прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во тој случај, ако бидете незадоволни, ќе добиете во писмена форма одговор.

Доколку не бидете задоволни, ние ќе побараме од овде да се подготви посебна Информација.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Само ако ги продолжиме ваквите игри, таман ќе дочекаме Езерото да умре.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Проблемот не е од денес, навистина е актуелен.

Тука е дојден заменикот министер за животна средина, господинот Марјан Додевски, повелете.

**МАРЈАН ДОДЕВСКИ:**

Познато е дека Владата на Република Македонија, спасот на Дојранското езеро, односно иницијативата

за спас на Дојранското езеро ја стави на своите приоритети. Моментално готов е проектот за собирање на пролетните и зимските води од сливното подрачје на Дојранското езеро. Тоа е прва работа.

Понатаму, веќе имаме конкурирано кај неколку меѓународни институции и на некој начин гарантирано средства за решавање на проблемот со Дојранското езеро.

Министерството за животна средина, за наредната седница, ќе подготви целосна Информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа значи, Министерството за заштита на животната средина ќе подготви Информација.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Му благодарам на заменикот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Навистина и јас се согласувам дека би требало да добиеме Информација.

Има збор господинот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри, сакам да добијам една информација за забраната за комуницирање на пишаниот збор, односно книгата на Република Македонија со другиот свет, односно со соседите.

Ќе ми дозволите да дадам кратко образложение, затоа што во два наврати, можеби по имплицитно, не вака експлицитно сум се обидел да наметнам едно размислување кај Владата, дека потребата од укинување на некои постари членови или закони од едно друго време, кои оневозможуваат пишаниот збор, идејата и капиталот на крајот краиштата, слободно да протекува низ државните граници.

Бидејќи до сега не е преземено ништо од овој аспект, а појавата ескалира до ниво кое нас како земја и како пратеници не става во состојба навистина да не можеме да ги образложиме постапките, каде што една книга од сопствен автор не може да се пренесе преку граница и тоа со некој член што и за мене веќе не е јасен.

Бидејќи тој проблем веќе доаѓа во судир и со нашите залагања и стремежи за едно отворено општество, мислам дека е крајно време, таквиот начин на приоѓање кон овој проблем да биде по адекватен на времето и на нашите стремежи. Ќе кажам само една реченица, дека во време кога со интернет може да се влегува во податоците на секој претседател на една држава, мислам дека веќе е не само не логично, туку е сосема анахроно едно такво поставување.

Затоа, барам Информација зошто тоа се прави, како е можно да се надмине овој проблем и навистина да влеземе во редот на тие земји кои навистина веќе не ја забрануваат и ограничуваат слободата на мисли и идеи, па и на пишаниот збор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Азис Положани за поставеното прашање.

Има збор потпретседателот на Владата Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

И покрај тоа што прашањето не е сосема јасно, и не може да се заклучи што бара пратеникот, сепак можеме да го сметаме како укажување.

Нашите залагања за целосна интеграција во Евроатлантските структури ќе ни биде и обврска нашето законодавство да го усогласиме со тие стандарди и веројатно и овие прашања ќе бидат предмет на третирање, така што ова укажување Владата ќе го има предвид при изготвување на соодветни законски решенија.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Еве што барам: просто барам, ниту барам да ми се одговори, ниту сакам да ми се одговори на ова, ако Владата мисли дека не треба ни Информација да ни се даде и тоа го признавам, само сакам, кога се поминува преку граница на Македонија од било која страна, веќе никој да не конфискува книги. Тоа го барам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека можеме да го прифатиме како пратеничко прашање и во тој случај надлежните министерства би требало да дадат одговор.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Прифаќаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, прифатено е.

Има збор господинот пратеник Латиф Пајковски.

**ЛАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Господине претседателе, на минатата седница побарав од Владата Информација, околу постапката што се спроведе за продажба на Скијачкиот центар

"Заре Лазаревски" од Маврово. Од претставникот на Владата ми беше ветено дека, за првата наредна седница ќе добиеме таква Информација, а прва наредна седница е токму оваа сега. До овој момент јас немам добиено Информација и заради фактот дека се работи за сериозно прашање, кое предизвика дури подолг период и штрајк на вработените во Скијачкиот центар, па дури имавме и скоро една недела штрајк со глас, што после моите укажувања беше прекинат и ветувањата дека многу брзо ќе дојдеме до Информацијата, која сметам дека ќе им користи и на вработените, и на институциите кои ја извршиле таа продажба и на оној кој ја има купено таа организација.

Моето прашање до Владата е дали таа Информација се подготвува, до каде е со подготовките и дали е можно уште на оваа седница да ја добиеме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Латиф Пајковски за повторно поставеното прашање.

Ќе Ве молам господине потпретседателе Ибраими да се произнесете.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Информацијата поминала на Влада и ќе ја добиете во најскоро време.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи Информацијата е помината на Влада и веројатно во текот на утрешниот ден ќе ја добиете.

За збор се јави господинот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги и претставници на Влада, го користам деловничкото право да барам Информација за откупот на тутунот од годинашната реколта. По можност, Владата на Република Македонија да достави Информација за оваа или најдоцна до наредната седница.

Зошто барам една ваква информација?

Затоа што од непосредните контакти што ги имав со граѓаните, особено со тие што се занимаваат со тутун, односно со тутунарите, имам информација дека едно релативно големо количество на тутун воопшто не е откупен оваа година. Такви барања имам посебно од граѓаните на Страчинци, Арачиново и писмено барање информација од Житоше и тие граѓани велат дека тутунот им остана дома, со тоа што никој не го откупува нивниот тутун.

Мислам дека кога би се добила една Информација од Владата, тогаш би имале појасен преглед колку е откупен тутунот од годинашната реколта и зошто дел од тутунот воопшто не е откупен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Исмет Рамадани за поставеното прашање.

Дали претставникот на Владата чувствува потреба да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Владата прифаќа да изготви таква Информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Прифаќа Владата и ќе добиете Информација.

Господинот Амди Бајрам повторно побара збор.

Пред тоа, господинот Стојан Андов процедурално бара збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи сакав да предложам една Информација, исто така врзана за откупот на тутунот, но од еден друг аспект, предлагам да се дополни оваа Информација што господинот Рамадани ја предложи, бидејќи е прифатена, да се зафати и прашањето за исплата на откупениот тутун.

Исплата - ова го велам, затоа што граѓаните се обраќаат со зборовите дека исплатата доцни и на откупениот тутун, а од друга страна државата треба да си ги синхронизира активностите, за да може да даде и објаснување што прави, бидејќи синоќа слушнавме како 7,5 милиони долари што Владата ги наменила за откуп на тутунот од Тајванскиот кредит, Агенцијата за обнова и развој си ги земала, ги префрлила во некоја друга банка и не ги дава.

Според тоа, треба да се опфати и целиот проблем на исплата на тутунот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека нема никаков проблем.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро се прифаќа.

Збор побара господинот Амди Бајрам, а потоа останатите уште неколку што се пријавени.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседател, почитувани

министри, почитувани колеги пратеници, сите го знаете проблемот со ромите бегалци од Косово, кои се во Република Македонија. Би предложил денес на дневен ред, ако може да се прошири дневниот ред, да се стави точка за ромите бегалци и да се расправа во Парламентот, затоа што еве една година помина како се во Република Македонија, не се знае нивниот престој каков ќе биде и што ќе биде и би сакал овде во Парламентот да се расправа. Не сме расправале за овие роми, една година помина како се во Република Македонија, сместени се некаде, не се знае каде, што и како. За нешто имам информации, за нешто немам, но сакам ако има можности на денешната седница да се стави како точка на дневен ред, а ако не може да се даде Информација од Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. Амди Бајрам.

За збор се јави г. потпретседател Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Можеби г. Амди Бајрам направи грешка, не се знае каде се ромите. Точно се знае, до еден каде се и многу убаво се сместени, така да со оглед дека се згрижени ромите, мислам дека нема потреба да расправаме за прашање кое не е проблем, во однос на сместувањето.

Владата чини напори моментално да ги ослободи детските одморалишта каде се сместени ромите и нормално да ги всели на друга локација, како и тоа што чини напори ромите да се вратат повторно во нивните домови во Косово, односно во местото од каде што дошле во Република Македонија.

Не осеќам потреба дека на оваа седница би требало да се расправа.

За ваша информација би подготвиле една Информација, во врска со сместувањето на ромите во Република Македонија, бегалци и идните чекори кои мисли Владата да ги превземе во врска со разрешувањето на овој проблем.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас се извинувам, можеби министерот погрешно ме сфати дека, јас не знам каде се ромите, јас знам каде се ромите, но нормално за јавноста не се знае каде колку се.

Благодарам што ќе ми се достави таа Информација и потребно е да ми се достави таа Информација, затоа што единствен претставник на ромите во Република Македонија, а можеби и на Балканот и треба таа Информација да ми се достави.

Помина нивниот рок и токму околу тоа што Владата ќе расправа јас сакам да расправа Парламентот на Република Македонија, што ќе биде судбината на ромите, како ќе ги враќаме, а они не сакаат да се враќаат.

По 1244 Резолуција, кон тоа треба сите да се придржуваме и они треба да се добијат статус на бегалци, а не статус на хуманитарно згрижени лица во Република Македонија, затоа што помина една година откако се во Република Македонија.

Токму околу тоа треба да расправаме овде во Парламентот, што ќе стане, како ќе стане, па да видиме со министерот, со потпремиерот или како, кој што ќе даде образложение.

Јас мислам дека би требало да расправа Парламентот денеска по ова, затоа што поминува времето, можат да се товарат и да се носат...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Потпретседателот на Владата се согласи да добиете Информација за наредната седница и доколку оцените дека треба поширок публицитет, да ја ставиме на дневен ред, во тој случај јас немам ништо против таа Информација да ја ставиме на дневен ред, но во овој момент не знам колку е подготвена Владата на денешната седница да расправаме за ова прашање.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јас мислам дека нема место на денешната седница да се расправа околу ова прашање. Владата интензивно работи за разрешување на овој проблем и за исходот на мерките кои ќе бидат преземени ќе бидете запознати и преку средствата за јавно информирање, но и директно пратеникот Амди Бајрам ќе биде посебно известен.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Благодарам на министерот за неговото излагање и за згрижување на ромите, како и на Владата на Република Македонија, па и за приемот на вторите роми кое го барав од Владата.

Со тоа изразувам благодарност како пратеник и на сите пратеници овде и на министрите и на Владата, но во случај бидејќи се спомна дека ќе се враќаат, како претставник на ромите и како пратеник на овој Законодавен дом на Република

Македонија, барам доколку не ја добијам таа Информација, да бидам известен под најитно ако треба да се враќаат ромите. Тоа да го знам ако треба пред да ја добијам таа Информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вие секако ќе ја добиете таа Информација и во таа Информација ќе стои и начинот на повторното враќање, нивниот број, каде се сместени и т.н.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Се согласувам со тоа г. претседателе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г. Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, јас во врска со прашањето за откуп на тутунот од реколтата 1999 година и исплатата на откупениот тутун и по повод прашањата на г. пратеници за заклучокот што се формира по тоа прашање, јас колку што се сеќавам на минатата седница по повод барањето на пратеникот Ванчо Чифлиганец, беше кажано дека таква Информација ќе добијат пратениците за првата наредна седница, што по мене значи на оваа седница. Таков заклучок ова Собрание изгради.

Ако не се сеќавам добро јас, стенографските белешки се тука, па ако треба и тие да се погледат, барем ако се има сериозен приод према прашањето.

Јас мислам дека треба да се има сериозен приод, од причини што не е само простиот факт дека треба да се откупи претстојниот, преостанат дел од реколтата 1999 година и евентуално неисплатени одредени количини на предаден тутун од таа реколта.

Фактот е многу по сериозен, што годинашната производна година за 2000 година се планира врз основа на економските ефекти што ги имаат добиено производителите од минатата година, а тие активности за производниот циклус за 2000 година веќе се почнати на теренот. Постои една не сигурност кај тутуно производителите во Република Македонија, а тоа налага ваквиот начин на однесување на одговорните фактори во Република Македонија по прашањето на тутуно производството во Република Македонија, може да се дојде до заклучок дека се има не сериозен пристап кон ова прашање и политиката на производство и реализацијата на тутуно производството во Република Македонија.

Јас молам тоа да се има предвид, затоа што работиме јавно и тие пораки стигаат до тутуно производителите и гледаат тие овде што се случува и сепак веруваат дека ние сериозно размислуваме и работиме овде.

Мислам дека треба да има барем едно објаснување што е со тој заклучок, токму на оваа седница се случи да ја немаме таа Информација. Молам ако има објективни причини за тоа немаме на оваа седница објективна Информација по тоа прашање, тогаш заклучокот да се прецизира во смисла дека на првата наредна седница на Собранието ќе ја имаме таа Информација, затоа што факторот време е многу битен во оваа ситуација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека во тој дух и беше ова прецизирано.

За тутунот веќе имаме доволно елементи и за првата наредна седница ќе добиеме Информација, меѓутоа првата наредна седница нас ни е посветена исклучиво на пратенички прашања, на петти април.

Тоа ќе биде на 12 наредната закажана седница, затоа што за таа седница нема да имаме водење расправа по дневниот ред.

Дневниот ред ќе биде утврден само со пратенички прашања, па ако треба два - три дена, колку сакате ќе работиме по таа точка на дневен ред.

Тоа зависи колку имаме прашања и колку можат да одговорат на тие прашања.

За збор се јави г. Настовски, па Чифлиганец.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Во смисла на поддршка на г. Наќе Стојановски.

На едни од минатите седници многу добро се разбравме за проблемите во тутуно производството. Нас не ни треба Информација, само гола Информација, откупено од тие и тие станици и т.н.

Јас во мојата дискусија тогаш, во моето барање односно приклучување кон барањето на г. Ванчо Чифлиганец, кажав дека има сериозни проблеми во тутуно производството во смисла на зголеменото производство од планираното, за 5 до 6.000 тони повеќе. Проблемот што беше истакнат дека тутунот не се откупува. Што со тие граѓани, што ќе прави државата со тој тутун, дали ќе го откупува или не. Потоа проблемот на светскиот пазар, проблемот на програмирање на тутуно

производството, како некоја гранка која што е носечка, навистина е носечка во земјоделието.

Значи, за сите тие прашања Владата треба да не информира, она што го рече Наќе, треба да се видат тие забелешки, записникот од седниците и што се бара тоа да ни се даде, за да не отвараме тогаш повторно расправи кои нема да бидат содржани во Информацијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сите овие сугестии што беа дадени во врска со ова прашање, ќе бидат доставени систематизирано до Владата, а колку и како ќе одговори Владата ќе видиме кога ќе ја добиеме Информацијата.

Дополнително за збор се јави г. пратеник Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас не мислев да се јавам, ама ме поттикнаа колегите пратеници од СДСМ, ме поттикнува и проблематиката која бараме во облик на Информација да се достави до пратениците на Собранието на Република Македонија, затоа уште еднаш сакам да кажам г. претседателе како еднаков и најодговорен пред овој Парламент што значи институцијата пратеник.

Јас институцијата пратеник ја сфаќам, подразбирам да се слушне гласот на народот во овој дом. Ако ние не сме во состојба да ги пренесеме состојбите, проблемите кои го тиштат народот, конкретно што повеќе месеци, еве трети месец бараме Информација за проблематиката за откуп на тутун, производство на тутун, пласман на тутун, каде што живеат ни повеќе, ни помалку околу 200.000 граѓани на Република Македонија. И за тоа да се нема слух од Владата на Република Македонија, од ресорните Министерства дека ако немаат обврска према нас пратениците, преку нас нека имаат обврска за овие 200.000 граѓани што живеат и основната егзистенција им е од тутунското производство. Замислете како ќе се слушне гласот на било кој граѓанин, ако овде Владата на Република Македонија, ресорните министерства, а ние тоа го бараме нај конструктивно, нај принципиелно.

Јас морам да кажам дека, не само што ги поддржувам колегите пратеници, ги повикувам и останатите пратеници, сакаме во таа проблематика да помогнеме системски во стопанскиот економски амбиент на Република Македонија. Не сакаме нешто да девалвираме, нешто да унагазиме, нешто што е присутно, напротив ние сме спремни како пратеници и јас како пратеник во овој дом, сакаме да помогнеме за статусот на овие 200.000 граѓани, затоа што сакале или не сакале кога ќе се направи оваа Информација и било кој може од нас може да направи анализа ќе види дека нај загрозен граѓанин, производител во оваа Република е тутуновиот производител.

Дали е партиски определен, дали не е, дали припаѓа на оваа или онаа партија, во овој момент ниту јас како пратеник Ванчо Чифлиганец, ниту моите колеги, ниту верувам некој во овој дом прашањето на тутуно производителот ќе го постави од аспект на личен, парцијален, партиски, национален. Напротив прашањето на тутуно производителот ќе го постави од аспект на основно егзистенционално прашање на стотина илјади граѓани кои живеат.

Затоа господине претседателе, вие сте и професор по парламентарно право, ако ние не можеме од опозицијата да направиме директен притисок на Владата на Република Македонија, вие во составот на коалицијата, како претседател направете пратеникот да се слуша, а тоа е гласот на народот.

Затоа нај љубезно уште еднаш ја замолувам Владата на Република Македонија, сакам како пратеник да придонесам за тутуно производителите, најмалку мислам да правам маркетинг, што често пати од оваа говорница ни се одговара.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам г. Чифлиганец, за напорите што се прават да се добие Информација.

Точно е тоа дека вие неколку пати го поставувате ова прашање.

Малку задоцнивте, пред вас уште неколку колеги го поставија истото прашање со различни аспекти, од кои што треба да се одговори и еве јас ви ветувам навистина дека ќе се јавам лично на премиерот и на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да се добие Информација, а дали ќе бидеме задоволни од неа или не, евентуално со нашите сугестии и размислувања да ја подобриме, односно да предложиме соодветни решенија.

Јас сум убеден во вашите заложби, дека сите сме со едно, а тоа е да се подобри положбата на тој дел од производителите.

За збор се јави г. потпретседател

Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Очигледно е полесно да се постави пратеничко прашање, отколку да се откупи тутунот и да се исплати. Тоа е јасно.

Во Информацијата која ќе биде изготвена, ние немаме ништо против Парламентот да расправа по таа Информација и добро дојдени ќе бидат предлозите и решенијата кои ќе ги понудат сите пратеници од овој Парламент.

Но, нормално разумни решенија за кои има покритие и кои можат да се исполнат.

Јас мислам дека доста напори се направени околу ова прашање и веќе се спомнаа тие 7,5 милиони долари, така да и тие средства ќе бидат опфатени во Информацијата и после тоа ќе можеме да расправаме и да дадеме одреден суд што направила оваа Влада, односно Министерството за земјоделие за откупот и исплатата на тутунот, а не да искористиме сега проблемот да го поставиме дека наводно ниту еден денар не е исплатен на производителите на тутун од реколтата 1999 година.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам да ја привршиме расправата во врска со овој проблем, затоа што ние навлегуваме во материјална расправа.

Прашањето е поставено, елементите за добивање Информација се поставени, да не го шириме понатаму и други дискутанти ако мислат да дискутираат во врска со ова прашање, да не одиме многу прешироко.

Јасен е проблемот, јасни се прашањата, јасни се елементите на Информацијата што треба да ја добиеме, па според тоа да не дискутираме повеќе, освен ако некој од двајцата дискутанти што се пријавени, тоа сте вие г. Чифлиганец, веројатно нешто да дополните и г. Илија Лазаров.

Има збор г. Чифлиганец за да го заврши своето прашање, евентуално или барање.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Ако може прво предност да му дадеме на заменикот министер за финансии, можеби некој факт ќе не обрадува, па покасно ќе се вклучам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јавува г. Јордан Марковски, заменик министер за финансии.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Тоа што во основа ќе биде содржано во Информацијата, нејзе пред се ќе ја прават повеќе ресори, но за волја на вистината евидентно е да се знае дека, реколтата 1998 и реколтата 1999 година се зголемени во однос на продукцијата на тутунот. Од просечно годишно производство на тутун во висина од 25.000 тони во реколтата 1998 година и реколтата 1999 година, тоа производство расте на над 31.000 тони тутун. Тоа само по себе говори дека тутуно производството е релативно добро стимулирано. Тоа е едната околност на која сакав да укажам.

Проблемите околу обезбедување на средства за откуп на тутунот, произлегуваат во основа од потешкотиите со кои се соочува државата или од одкупувачите во однос на пласманите на тутунот, бидејќи во Македонија просечно годишно се трошат околу 6.000 тони. Секоја година државата прави напори, тоа го знае и претходната Влада, го знае и сегашната Влада, меѓутоа кога се говори или кога се настапува со бројки, би сакал да бидеме по реални во претставување на состојбите во оваа смисла.

Во Македонија, добро запамтете, ќе се користат со околу терминот, вкупно земјоделски обврзници, значи обврзници по персонален данок по основ на земјоделска дејност се околу 280.000 граѓани, но тоа не значи дека се тоа исклучиво земјоделци.

Во Македонија земјоделството им е основно занимање само на околу 35.000 граѓани, а не 200.000 граѓани или семејства да живеат само од тутун. Вкупно во земјоделски осигуреници од 35 до 40.000. Од тие 35 до 40.000 сигурно спаѓа и дел на категоријата тутуно производители, како и на другите гранки од земјоделието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ова беше повеќе како дополнување, но ќе го добиеме во писмена форма или во Информацијата, бидејќи беше поставено како прашање.

Конечно го имаме последниот дискутант.

(г. Чифлиганец повторно бара збор).

Господине Чифлиганец да не одиме сега во материјална расправа, сега да не се натпреваруваме.

Ќе добиеме Информација па ќе ја споредиме, затоа што навистина далеку ќе не одведе ова.

Не можеме дневниот ред да го утврдиме.

Тоа прашање денеска не е на дневен ред.

Ќе добиеме Информација па ќе расправаме по неа.

Ве молам, сепак треба да се привршива.

Побаравме дополнителна Информација и ви ја даде човекот, и сега понатаму треба во писмена форма.

(Господинот Чифлиганец инсистира да добие збор).

Но добро, кога инсистирате повелете г. Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас внимателно ги слушам одговорите, не инсистирав, но доколку мислите дека не треба да се јавам за дискусија, тоа е ваше право, а јас барам пред тоа да се извините пред оние што живеат од ова производство, од ова тутуно производство, а ние можеме тука да дискутираме и да не дискутираме.

Не можам од ова место да ја сфатам ароганцијата на потпретседателот на Владата на Република Македонија г. почитуван Ибраими. Ние тутунот го откупуваме, а вие пратениците само барате Информации.

Ние Информацијата господине потпретседателе можеме и сега на говорницата да излеземе, сакаме со силата на аргументите да зборуваме. Не да зборуваме овој сака тоа, оној она, туку напротив проблемите, како што рече заменик министерот за финансии да ги решаваме во системот.

Не можам да се согласам од ова место. Не можам да се согласам од ова место од Парламентот на РМ пред граѓаните на Република Македонија кои живеат од тоа тутуно производство, поради тоа што е зголемено производството на тутун, тутуно производителите се доволно стимулирани. Тоа не држи место и нема граѓанин на територијата на Република Македонија што треба да го прифати. Зголемено е производството на тутун во Македонија, затоа што тој тутуно производител нема друга варијанта, не може со друго да се занимава, затоа што не 10, 20 туку 50 години се занимава со оваа култура и друга алтернатива, како одговорни субјекти не сме му обезбедиле. Затоа го велам ова.

Понатаму, кога се зборува за овие 35 илјади тони тутун што произведува РМ, треба за тие 35 илјади над 120 милиони марки, што е целиот извоз како суров тутун, не ферментиран.

Па господине потпретседателе на Влада, кого што ве почитувам, како ги знаете финансиските средства, направете една анализа, што значи нето девизен ефект тоа за Македонија. Тој тутуно производител е најдобар извозник и тоа во нето девизен ефект. Многу пратеници знаат што значи извоз, извозен ефект и нето девизен ефект, каде 80 до 90% е само работната рака. И овде да зборуваме дека се стимулирани, дека ние бараме Информации, мислам тоа не држи место.

Затоа како пратеник сакам да помогнам во системските мерки, во амбиентот стопански и економски, како тутуно производство, затоа што Република Македонија од тоа тутуно производство уште многу, многу години не може да се ослободи, а најмалку од граѓаните кои живеат во Република Македонија. Немојте да ни лепите етикети дека ние сакаме нешто што и вие лично го сакате како пратеници и одговорни субјекти, и министри што седите во овие клупи овде.

Затоа заслужува внимание после многу години да имаат соодветен третман овие тутуно производители. Така треба да се сфати. И да знаете, овој електорат што го застапувам и поголем дел на граѓани во Република Македонија, кои живеат од ова тутуно производство, од ова земјоделие, стечајни работници, ќе ги застапувам. Друго како пратеник не ми преостанува, туку да се пренесе тука, односно да се слушне гласот на народот во ова Собрание.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Чифлиганец за дискусијата.

Има збор пратеникот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, колеги пратеници, јас барам да се изготви Информација за тоа каде се однесени 200 милиони долари од тутуно производството, индустриска гранка која е осакатена од нашите претходници.

Ќе верувам дека господинот Чифлиганец е загрижен само ако ме поддржи во оваа Информација. Некој дебело се офајди од тутуно производителите.

Затоа предлагам Владата да изготви една таква Информација и понатаму да се бара да се преземаат мерки, крадците да ги вратат парите на тутуно производителите.

Инаку вака жешкиот костен е фрлен во рацете наши, виновни или ни, ние да ги решаваме, иако знаеме дека во Јака Радовиш оваа година по 20, 30 илјади марки девиденда поделија, а немаат пари да им го откупат тутунот на производителите.

Значи би сакал една ваква Информација. Добро би било ако ние овој проблем го решиме во основа, да ги најдеме оние кои и направиле вакви дубиози на оваа стопанска гранка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Навистина предлагам да не водиме материјална расправа под институтот пратенички прашања и барање Информации.

Тоа навистина е водење на материјална расправа, а водење на материјална расправа без аргументи и факти од страна на Владата. Немојте сега.

Сега пак господинот Чифлиганец ќе му одговори па трет ќе му одговори, сега Котевски се јавува.

Па ние денес зарем ќе расправаме за тутунот.

Ве молам немојте да наметнувате нешто и да го злоупотребувате гласот на народот.

Ќе добиете Информација, па ќе расправаме.

Има збор господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас ако не работам во Рудникот за бакар и злато "Бучин", навистина знам дека тутунот претставува жолто злато во Република Македонија.

Меѓутоа со една работа не можам да се согласам со овој пратеник од СДСМ. Ако тој мисли дека е глас на народот и јас претставувам глас на народот. Во Битола нема никаков проблем со откупот на тутунот и неговото плаќање. Значи проблемот со откупот и плаќањето на тутунот е различен во цела Република Македонија и од различните претпријатија, кои сега се дел во приватна сопственост, како приватни компании.

Не може пратеникот во негово име да кажува дека само тој е загрижен за тутуно производителите. Значи јас до денес ниту една поплака во Битола и Битолско не знам да има во врска со откупот и плаќањето на тутунот.

Според тоа, не треба да си земаме за право, ако во неговиот дел каде што живее има било каков проблем, тоа не значи дека мене треба да ме негира, дека јас не се грижам за откупот и пласманот на тутунот во Битола и битолско. Тоа сакав само да го кажам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Чифлиганец се јавува за реплика.

Господине Чифлиганец не е тоа прашање каде што можете да реплицирате.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Молам, мојата дискусија да се извади од стенографските белешки, за оваа гранка за тутуно производството, повеќе години наназад дали не е принципиелно конструктивна и поткована со економски аргументи.

Се зборува за конструктивност и не конструктивност ние имаме право, односно јас лично како пратеник за конструктивноста за она за што се залагам. Никогаш не сум се залагал за лични или парцијални проблеми. Се залагам за секој пратеник што овде седи. Сакам веднаш да одговорам.

Му благодарам на претходниот дискутант што уште првиот пат ме поддржа за не ажурноста на Владата на РМ, заради стручните служби што не си ги извршиле работите, да ми дадат благовремено Информација, односно за сите пратеници.

Му благодарам на господинот Илија Лазаров, кој потекнува од тутунско подрачје. Меѓутоа, јас не можам да замислам пратеникот Ѓорѓи Котевски да каже дека во Битола нема проблем со откупот на тутунот. Ги прашувам почитуваните напатени граѓани, тутуно производителите од Битола како тоа твое гледање, веројатно со аплауз ќе биде дочекано, кога и самиот потпретседател Ибраими и самиот заменик министер за финансии кажа дека кај тутунот не е проблем да се произведе проблем е да се исплати и да се исплати по соодветна цена. Понатаму, проблем е пласманот. Ние знаеме реколтата од 1998 година колку е извезена на странскиот и реколтата од 1999 година. Ни повеќе ни помалку во Македонија сега има околу 40-50 илјади тони суров тутун. Тоа се некаде околу 200 милиони марки.

(Реакција од место на пратеникот Борче Сибиновски).

Господине Борче Сибиновски, вие не сте министер за стопанство.

Јас морам да ви кажам, за електоратот кој го застапувам, не само што можам да бидам министер за ова ниво туку можам да бидам многу повеќе од тоа.

Затоа јас ја прифаќам сугестијата на претходниот дискутант, се што ќе преземе Владата јас го поддржувам само во интерес на тутуно производителите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, сите имаме интерес за тутуно производителите, немате само вие.

За ова прашање можете да придонесете тогаш кога беше системскиот закон, Закон за тутун.

Сега давате отпосле памет како треба да се решаваат овие работи.

Дали некој бара збор? (Никој).

Ги молам сите пратеници да влезат во салата за да гласаме.

Бидејќи никој повеќе не бара збор за изменување и дополнување на дневниот ред.

Ве молам да гласаме за предложениот дневен ред.

68 пратеници гласаа за, 1 е воздржан и 3 се против.

Констатирам дека е усвоен дневниот ред.

Минуваме на првата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за гарантирање на инвестицијата на стратешки инвеститори и за преземање на одделни побарувања од крајни корисници, од страна на Република Македонија во Стопанска банка АД Скопје, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за гарантираше на инвестицијата на стратешки инвеститори и за преземање на одделни побарувања од крајни корисници, од страна на Република Македонија во Стопанска банка - АД Скопје.

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласаа за, 2 се воздржани, 2 се против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

64 пратеници се за, 2 се воздржани и 2 се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

69 пратеници гласаа за, 2 се воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за измена на Законот за гарантирање на инвестицијата на стратешки инвеститори и за преземање на одделни побарувања од крајни корисници, од страна на РМ во Стопанска банка АД Скопје.

Минуваме на втората точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештајот на ЗПК Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

За мене се разбирливи причините кои ја вода Владата пред Парламентот да предложи закон за измена на Законот за акцизи. Беа разбирливи од една дадена ситуација, која што се однесува на измени од таков вид, кои овозможуваат со стапување во сила на Законот за ДДВ, технички се подобри содржината на постојниот Закон за акцизи и во тие рамки од тој аспект нема потешкотии во начинот на пресметување на акцизите и во утврдување на основицата за пресметување на акцизи. Токму овие два елементи всушност се измени кои се содржани со Предлогот за измена на Законот за акцизи,

тоа не е спорно. Значи до тука не е спорно. Излегов да укажам на следното.

Мислам дека сите пратеници го имаат добиено и Законот за акцизи, кој е предложен од група пратеници. Во така предложениот закон кој е во нормална собраниска процедура и кој што најверојатно, со исполнувањето на роковите ќе се најде на дневен ред на седницата на 12 април. Во тој закон се содржани, или би кажал подобро се уредени одредбите за начинот на пресметување на акцизите и утврдување на основицата за пресметуваше на акцизи.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Тие се најблаго кажано слични на овие измени, што сега ги кажав или би кажал, без доза на претерување, подобро се уредени нормативно, во тој конкретен закон. Многу е сериозен периодот, во кој што се одлучивме како Република Македонија, во реализација на реформата во даночната сфера, да пристапиме кон примена на Законот за додадена вредност.

Воведувањето на Законот за додатна вредност, претставува една од основните тенденции, која што е содржана во реформите на даночниот систем. Но овие измени, кои денеска се предлагаат, повторувам, се од техничка природа. Очекував Владата, а сега очекувам со мислењето да се произнесе по законот, се надевам позитивно, да го согледа моментот, кој е многу важен, а кој се однесува на макро економската стабилност во РМ.

Една од придобивките по 1994 година, во Република Македонија е, дека реформите, што се спроведуваа, започнувајќи од ноември 1994 година, па наваму, обезбедува во Република Македонија макроекономска стабилност. Макроекономската стабилност во РМ е јавно добро, за сите граѓани во Република Македонија. Во рамките на макроекономската стабилност, се опфатени и ниските стапки на инфлација. Ниска стапка на инфлација, е исто така јавно добро, за сите граѓани во Република Македонија.

Овој закон, не го респектира моментот, дека на акцизните стоки, од 1 април ќе се пресметува данок на додадена вредност. Овој закон, најмалку требаше во својата содржина да опфати, дали во апсолутен или во релативен износ, на износите за акцизи, заради влијанието на данокот за додатна вредност.

Од тој аспект, да се обидеме преку таква измена да задржиме макроекономска стабилност во РМ. Бидејќи овој закон, тоа не го опфаќа, сосема случајно на ист ден, ние група пратеници загрижени од Парламентот, заради сериозните нарушувања, кои што можат да следуваат во областа на економијата и воопшто во нарушување на животниот стандард на граѓаните во Република Македонија, се обидовме на еден конструктивен начин, да ја корегираме таа политика, која што ја има зацртано Владата, а тоа е што божем им била наложена, заради некои преговори до октомври 1999 година од ММФ, на еден конструктивен начин да придонесеме, да се задржи она што е добро во Република Македонија, да се зачува макроекономската стабилност.

Затоа мислам дека е многу важно, Владата уште еднаш да размисли, при изработката на мислењето, на законот предложен од група пратеници, во давање на оценка за мислењето, кое што ќе го испрати во Парламентот.

Бидејќи тој закон, од нас предложен, е исто така, закон што ги поддржува реформите во Република Македонија и тој во основа е реформски закон, затоа што обезбедува, под кој основ, макроекономска стабилност.

Инаку, проценките кои што ги правите во Владата, во Министерството за финансии, во Заводот за статистика, не Ви се целосни. Со тие проценки, предвидувате дека инфлацијата на годишно ниво ќе биде 4,1%, дека во тој процент на инфлација, учеството на влијанието на Законот за додатна вредност е минорно, некаде 1%, односно еден индексен процент од тие 4%, но одговорно кажувам дека нашите анализи, кои што ги правевме, укажуваат на тоа дека вака не припремени, влегувајќи во даночни реформи, без респектирање на вкупните состојби во Република Македонија, во наредните месеци, можеби и во првиот месец, ќе се јави инфлација од 12%. Тоа го кажувам сосема одговорно пред пратениците. Дека постои опасност тој тренд на високи месечни износи на инфлација да се задржи и во наредните месеци, а ако на тие емпириски показатели, ќе се додаде и психолошкиот аспект, кој што нужно се јавува, при примена на вакви закони, тогаш постои опасност, Македонија да навлезе во сферата на инфлациона спирала, а по инфлациона спирала, следува хипер инфлација.

Заради тоа, господа пратеници, мислам дека доста е сериозно прашањето. Ова прашање не е на линија на тоа дали на Владата ќе и дадеме поддршка, во законот кој што го предлага, туку е прашање на кое

што треба и ние активно да се однесуваме, во изградба на коегзистентен даночен систем, кој ќе биде актуелен, од аспект на реформи во даночниот систем, но и такви одредби, во таа законска регулатива, кои што нема да ја втурнат македонската економија и стандардот на населението во Македонија, во една голема неизвесност.

Ако се задржите само на овие измени, кои што се од техничка природа, се укажува на тоа дека овие неизвесности се присутни, но јас тврдам дека тука нема неизвесност, туку ќе настане она што Ви го кажав, па заради тоа, очекувам законот што го имаме предложено група пратеници, бидејќи е во функција на вкупната заложба за стабилизациони процеси во РМ, да дадете позитивен пример. Укажувам на тоа дека не се доволни аргументите, дека ММФ, заради тоа што Вие така сте му предложиле во 1999 година да има проекција на приходната буџетска стапка на акцизи, а единствен аргумент кој што е пред Вас, по кој што би зазеле негативен став по овој закон.

Заради тоа, излегов само да кажам дека ние, или дел од пратеници од СДСМ, кои што сме предлагачи на овој закон, ќе бидеме иако знаеме дека тој закон ќе се донесе, ќе бидеме против, заради тоа што не е целосен и не опфаќа елементи, кои што претходно ги кажав кои што имаат суштинско значење и кои што се во функција на подобрување на макроекономската стабилност во Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Димитар Бузлевски.

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите.

Ве молам да гласаме.

48 пратеници гласаа за, 4 се воздржани, а 13 се против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

49 пратеници гласаа за, 5 пратеници се воздржани, а 11 се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 1 став 4, за менување на новата точка 6, член 6, член 7, за менување на уводната реченица, додавање на нов член 8 по членот 7-а, член 8, кој станува член 7-б, став 2, член 15, за додавање нов став 4, член 16, за преформулирање на членот 17 и нов член 16, член 20, член 21, во новиот член 16-б и за бришење на новиот член 16-г, член 26 и член 27 за додавање на нов став 2.

Пратениците, Димитар Бузлевски, Илија Филиповски, Илија Илоски, поднесоа амандмани на член 19, по новиот член 15-а, став 1, точка 1 и за додавање нов став 5, по ставот 4, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 4, за менување на новата точка 6, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7, за менување на уводната реченица, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 8, по членот 7-а, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8, по кој станува член 7-б став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 15, за додавање нов став 4, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 16, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за преформулирање на членовите 17 и 18, во нов член 16, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 20, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 21 , во новиот член 16-б, и за бришење на новиот член 16-г, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 26, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 27, за додавање нов став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 19, по новиот член 15-а, став 1 точка 1, за додавање на нов став 5, по ставот 4, поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Илија Филиповски и Ило Иловски.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам дали уште некој бара збор? (Никој).

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да гласаме по целиот закон.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

55 пратеници гласаа за, 10 воздржани и 3 се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизи.

Преминуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на ЗПК, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија.

Ве молам да гласаме.

Во меѓувреме изгледа некои пратеници не сериозно си ја сфаќаат својата работа, 96 картички имаме, а 60 пратеници само во салата гласаат.

Ги молам пратениците, уште еднаш да влезат, во спротивно, ќе морам да ја прекинам седницата.

А овие што се присутни ќе си добијат дневница.

Останатите, нека останат барем уште еден час во своите клупи.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ве молам, уште еднаш да гласаме.

64 пратеници гласаа за, 2 се воздржани и 1 е против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

59 пратеници гласаа за, 3 се воздржани, против немаме.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 2, за менување на член 3, на член 4, член 5, член 6 и за преформулирање на став 1, став 2 и став 3.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Се прифаќа и овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 за преформулирање на став 1, став 2

и 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

66 пратеници гласаа за, двајца се воздржани и двајца против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија.

Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за домување, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за домување.

Ве молам да гласаме.

64 пратеници гласаа за, воздржани нема, а против двајца.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласаа за, 1 е воздржан и двајца против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за градежништво и урбанизам поднесе амандман на член 2 во новиот член 10-а, за додавање нов став 3, со кој претставникот на Владата се согласил и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1, на член 2, во новиот член 10-а став 2, член 3 став 1, член 4, член 5 и за преформулирање на член 6, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлог на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Абдула Алиу.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакав да се јавам за овој закон на почетокот, меѓутоа тоа беше набрзина и сега малку ќе доцнам, но ќе го кажам тоа што мислам за овој закон.

Потребата од изменување и дополнување на Законот за домување, според предлагачот, произлегува поради укинување на членот 11 од Законот за домување, кој гласи: "Во случај вселување на лица во стан без склучен договор за закуп, сопственикот на станот има право да го врати правото на владение на станот по претходно побарана помош од органот надлежен за внатрешни работи, без водење на управна, односно судска постапка". За замена на член 11 се додава нов член 10-а, со која одредба се воведува за првпат во нашето законодавство, за регулирање на станбените односи, односно за куподавните односи се воведува институтот "дозволена самопомош", базирајќи се погрешно на некои други закони што го познаваат институтот самопомош, како што е членот 76 од Законот за основните сопственичко - правни односи, каде се предвидува дека држателот има право на самопомош против оној кој неовластено го вознемирува во владението или му го одзел, под услов опасноста да е непосредна, самопомошта да е нужна и

начинот на нејзиното вршење да одговара на приликите во кои постои опасност.

Исто така и Законот за облигациони односи член 126 пишува, тој кој во случај на дозволена самопомош ќе причини штета на лицето кое ја предизвикало потребата од самопомош, не е должен да ја надомести.

Под "дозволена самопомош" се подразбира правото на секое лице да ја отстрани повредата на правото кога непосредно се заканува опасност, ако таквата заштита е нужна и ако начинот на отстранување на повредата на правото, одговара на приликите во кои настанува опасноста.

Како што се гледа, предлагачот погрешно ќе го применува институтот самопомош, бидејќи цитираните одредби не можат да се применуваат во станбените односи, бидејќи се работи за предмет на владеење кој не е подвижен предмет. Ако некој не го врати предметот, по истекот на времето за кое е склучен договорот, за куподавачот може да го поврати правото на владение на стан само по пат на тужба, како што е предвидено во сите европски законодавства, а не како што предвидува предлагачот, со самопомош, тоа е член 3 од Предлогот на законот.

Таму се предвидува, по истекот на времето на кое е склучен договорот, закуподавачот може да го врати правото на владение на стан на начин утврден во членот 10-а од овој закон, што значи со самопомош.

Предлагачот не е јасен што сака да заштити со самопомош: владението или сопственоста. Во тоа не прави разлика помеѓу држателот на предметот и сопственикот, а владетелот не мора да биде сопственик. Потоа предлагачот, кога се работи за оваа одредба, не прави разлика за начинот на конституирање на владението. Не е јасно дали сака да се заштити актуелниот владетел или поранешниот, бидејќи судска заштита за попречување на посед има, го заштитува само последниот држател. Судот не го интересира како е дојдено до поседот, туку само дали тој, пред покренување на постапката бил последниот држател. Ова го предвидува членот 413 од Законот за парнична постапка на Република Македонија, каде е предвидено расправањето по тужба поради смеќавање на посед, ќе се ограничи само на претресување и докажување на фактите за последната состојба на поседот и за настанатото попречување. Само да ме сослушате, исклучено е, уште еднаш ќе повторам, исклучена е расправа за правото на посед, за правната основа, за совесноста или несовесноста на поседот или барање за надоместок на штета.

Како што се гледа, со новиот Предлог на закон, тоа што е забрането за Судот, кој расправа по тужбата заради попречување на посед, ќе го овласти поединецот самоиницијативно, со помош и по пат на физичка сила да ги реши владетелните односи, односно сопственичките односи.

Станбените односи, посебно кај нас се многу чувствителни и ако оваа проблематика ја препуштиме на самите граѓани, таа ќе доведе до големи конфликти што ќе бидат потешки од самите станбени односи. Немоќта на судската власт да ги реши станбените проблеми на време, не може да се надокнади со физичка сила на самите граѓани.

Со овој начин на решавање на овие проблеми ќе добиеме институт "колку сила – толку правда". Правдата ќе биде само на страна на посилниот, што е неодржливо за еден правен систем, што претендира да биде компатибилен со другите европски правни системи.

Институтот самопомош, правниот систем на Република Македонија го враќа во едно старо време, кога немаше судство и е спротивен со членот 8 од Уставот на Република Македонија, каде темелните вредности на Уставот и според темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија, а тоа се владеењето на правото. Како ќе имаме владеење на правото, ако правото се реализира надвор од судот? Заинтересираниот, со самопомош ќе дојде до поседот и на тој начин ќе го реши правото на сопственост.

Ако случајно се усвои институтот самопомош, тогаш треба да се прецизира што е тоа самопомош? Што се подразбира со терминот самопомош? Кога може да се употребува? Бидејќи ставот 2 на членот 10-а е многу конфузен и не прецизен. Не е јасно дали ќе се применува некоја сила, кога ќе се употребува самопомош. Потоа, силата дали сам ќе ја употребува или со други, на пример синови, браќа, граѓани од зградата, рекетари или со помош на некоја организација што ќе се организира поради спроведување на институтот самопомош? Силата е само еден елемент на самопомошта.

Во науката силата се третира како елемент на самопомош и се кажува - самопомош е право на владетелот, со примена на сила или на друг прикладен начин да одбие самоволно попречување на посед. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Абдула Алиу за учеството во расправата.

Дали некој друг бара збор?

Господинот пратеник Лазар Китановски бара збор.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Свесен сум за проблемите со кои се среќаваат некои граѓани на Република Македонија. Меѓутоа, навистина, правно, мислам законот не е добро формулиран и отвора можност на еден вид злоупотреба и на сопствена проценка кога настапува таа ситуација на самопомош. Во правото тој простор е многу сериозен. Може да создаде нови тешкотии и нови проблеми, бидејќи во овој случај не се работи за загрозување што е битно за човекот.

Веројатно би било некое подобро решение доколку самопомошта биде со асистенција или на некој начин, со асистенција на државата. Значи, не се оспорува правото дека навистина е нарушено владеењето, меѓутоа мислам дека државата мора да се појави на некој начин. Дали преку државните органи, дали преку судски извршители или на некој друг начин, не навлегувам сега, но мојот предлог би бил во смисла дека, би било добро, овој закон повторно да се врати. Јас немам конкретно како тоа да биде, бидејќи предлагачот практично не го ни објасни пред јавноста.

Реков, ги сфаќам тешкотиите, меѓутоа се плашам дека ќе влеземе во една зона на неправда, не право, а тоа е зона од која што многу тешко се излегува. Повторно ќе се најдеме во ситуација државата да интервенира или пак судството да интервенира, затоа што пак сега, од друга страна, другата страна ќе се повика на физичко насилство или друг вид на насилство.

Би замолил, го сфаќам проблемот, меѓутоа предлагачот повторно да ги разгледа овие аргументи и да најде некој начин, некоја правна форма во која ќе се признае правото на самопомош и во вакви ситуации, но сепак, државата да биде гарант дека тоа ќе биде спроведено без употреба на прекумерна сила, или пак излагање од сферата на правото.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Лазар Китановски за учеството во расправата.

За збор се јави господинот потпретседател Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине претседателе за дадената можност.

Овде сакам да говорам од една правна сигурност на оваа законска одредба, бидејќи настанува мешање на повеќе институти што веќе владеат во меѓучовечките односи од сферата на правото.

Ако говориме за самозаштита, еден дел во Законот за сопственичките односи, каде се третира институцијата пречење на владение, е предвидено да се поврати владението во рок од 30 дена на ист начин на кој му е одземено. Меѓутоа, овде се повикува на самозаштита со соодветна сила. Се прашуваме што е соодветна сила и кој може да ја примени? Мислам дека, во овој момент, ќе дојдеме во судир и со Кривичниот законик, каде се говори за противправно влегување во туѓ стан, нарушување на станарското право, односно неповредливоста на станот.

Во тој случај ќе се прашам сега кој е во право, дали оној кој има станарско право со или без тапија или оној кој вели дека нема тапија? Да нема недоразбирање, јас мислам дека би било сугестивно на предлагачот да му дадеме една препорака од овде, овој текст да го преработи уште еднаш и преиспита, да добиеме по конкретен предлог за да можеме да знаеме што е самозаштита, што е враќање на владение и што и кој ќе цени ако дојде до спор за немање документ за сопственост.

Ќе кажам сега што значи документ за сопственост. Облигационите односи говорат за договор во писмена форма. Сега, дали договорот што е направен помеѓу двајца граѓани не е заверен пред нотар, а е само потпишан во писмена форма, кој документ ќе биде валиден? Дали тој што не е заверен пред нотар или овој, што е потпишан меѓу странките. Правно имаат еднаква важност. Еден од нив ќе може да се повика затоа што не е заверен пред нотар документ, тогаш нема договор за сопственост, не можат да се вршат промени во јавните книги, односно сега во имотниот лист и немаме договор. Ќе направиме можност да дојде до тепање меѓу граѓаните, штитејќи си го и едниот и другиот своето право.

Поради ова, мислам дека е најдобро да се каже што треба да биде самозаштита. Кој таа работа да ја прави? Дали одеднаш, нема да се постави сега правото што некој спомна кој е посилен, колку сила, толку право. Што значи тоа, ако еден бара да се исели, другиот вели не се иселувам и

ангажираат и едниот заштитни друштва. Кое заштитно друштво ќе биде посилно, на едниот или на другиот?

Уверен сум овде, интересот на враќање на општествените станови, односно државните станови што сега ги поседуваат луѓе без документи, околу 1200 станови да не биде едно нерешено прашање, фактолошко прашање од четири - пет години 10 создадено, да доведеме до една незаконска сигурност.

Поради ова мојот предлог е, мислам дека и колегите пратеници ќе ме поддржат, да не донесуваме конечно решение, туку еден заклучок да се врати и законот да се надополни во оваа смисла. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Томислав Стојановски.

Навистина ова прашање не е доволно прецизирано. Само претставникот ка Владата може да го повлече ка доработка. Ние ќе можеме со заклучок. Ако претставникот на Владата смета дека после сите овие укажувања, дискусии, смета дека таа одредба околу самопомошта треба да се повлече, да се повлече. Инаку, ако гласаме против законот, во тој случај шест месеци не може повторно да се постави на дневен ред.

Навистина таа одредба не е јасна. Мислам, не можам сега да просудам, но не е јасна и би било добро да се повлече овој закон, тоа да се доработи и да се прифатат овие сугестии од пратениците и на наредната седница, или на една од наредните да ни се достави. Во спротивно, шест месеци не ќе можеме да го ставиме на дневен ред ако гласаме против.

Ја молам г-ѓата заменик министер Силвија Пауноска да се произнесе по ова прашање.

**СИЛВИЈА ПАУНОСКА:**

Ќе се повлече до следната седница на доработка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за телекомуникациите, со Предлог на закон.

Господинот пратеник Ѓорѓи Тодоров има процедурална забелешка.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, по точката 5 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за телекомуникации имам поднесено амандман кој е во тек.

Барам работата да ја продолжиме по точката 6, а кога ќе стигне амандманот да се вратиме на точката 5.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се до оној момент додека мене ми сигнализираат дека има амандмани, јас точката не ја затворам. Но, тоа не пречи ние да расправаме по точката. Па дури како се сеќавате на минатата седница направивме и пауза да ги сочекаме амандманите.

Значи, ние ќе одиме со расправа, јас добивам сигнали дека се подготвуваат амандмани, или се во подготовка и т.н., или се делат, како и да е, ние ќе одиме по оваа точка и ќе работиме. Сигурно и вашиот амандман ќе биде разгледан пред да го дадеме конечниот суд по овој закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот. Кој бара збор?

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, радио комуникациите се остваруваат со помош на радио бранови преку радио станици. Од тука емитувањето на радио програма, односно радио-телевизиска програма, или работата на радио-телевизиските организации, или радио-дифузните организации се остварува, односно е санкционирана со два важни закони, т.е. Законот за телекомуникации и Законот за радиодифузна дејност.

Значи, надлежноста за спроведување на одредбите, или прописите на овие два закона, а и другите закони поврзани со радиодифузната дејност, или телекомуникациската дејност, спаѓаат под Министерството за сообраќај и врски кои таа должност ја остваруваат преку Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски. Веќе тука се надлежностите многу јасни, особено во Законот за телекомуникации. Многу е јасно со кои права и обврски и надлежности ги имаат државните органи, односно посебно Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски. Што всушност предлага Владата со новиот предлог, со Предлогот за изменување и дополнување на Законот за телекомуникации.

Според предлогот кој сега е на дневен ред, предлагачот, односно Владата, бара можност инспекторите да можат да

наредат, односно да донесат решение, привремено на емитувачите или корисниците на радиодифузните дејности или телекомуникациски дејности, да им се одземе опремата, да им се одземат уредите со кои практично тие престануваат да вршат таква дејност. Значи, инспекторот или Инспекторатот ќе донесе конкретно решение, со кое решение привремено на некои корисник, радиодифузен корисник или радиодифузна организација ќе му се одземе опремата и уредот, за да не му се овозможи понатаму да биде вклучен во телекомуникациската мрежа, се со образложение и услов дека тој нема концесија или пак нема дозвола за работа.

Тоа е целта според моето мислење. Основна цел, ако не се работи за скриена цел, а јас мислам дека се работи за тоа, иако се работи за некоја посебна скриена намера, јас мислам дека нема воопшто причини да се донесе закон. Зошто мислам така? Мислам така од причина што ова што се бара од страна на Владата како Предлог за изменување и дополнување на Законот за телекомуникации е сосема јасно, децидно и таксативно апсорбирано во членот 83 на постојниот Закон за телекомуникации, каде од прилика се кажува вака: "Инспекторатот за телекомуникации ќе забрани вршење дејност на некои корисник на услуга ако нема концесија". Формулацијата е многу јасна, или пак не склучил договор за концесија, или точката 4 од членот 83, кој исто така помага да се прицврсти горенаведеното кажано, децидно кажува Инспекторатот за телекомуникации може да телекомуникации може да забрани работа на радио станица која нема дозвола. Тука одредбата е многу јасна, а посебно точката 5 од членот 83 од постојниот Закон за телекомуникации, каде се вели дека инспекторот привремено ја забрани, внимавајте, привремено, работи на радио станица која отстапува од пропишаните услови или норми за работа или пак преставува пречка за другите корисници на радиодифузната дејност.

Во овие три точки е целосно апсорбирано е тоа што се сака и што е стандард, однос Влада - телекомуникациски организации, односно Влада -радиодифузни организации. Ако имателот случајно не постапува по решението, соодветно на членот 83 и точките кои ги набројав, 3, 4 и 5, следува запечатување на опремата, што значи дека тоа запечатување претпоставува жиг пропишан во одредена форма и работата до крај е завршена.

Тука се поставува прашање. Не е во прашање дека државните органи немаат доволна законска надлежност за да можат да ги спречат таквите појави. Напротив, од формално-правен аспект има повеќе права отколку што треба да преземат такви дејства, туку се работи за нешто друго. Или, органите кои треба да ги спроведуваат нормите, прописите на овие закони, посебно на Законот за телекомуникации не се способни, не се професионални на ниво, или се корумпирани, или се не ефикасни.

Значи, не е пречка законската регулатива, туку едноставно, пречка е не сакањето на органите да пристапуваат кон примена на законот. Во прашање е имплементацијата на Законот за телекомуникации и Законот за радиодифузната дејност, а не недостаток на правната регулатива.

Со ова, предлагачот дури и самиот признава дека нема до крај доверба кај судските органи, од причина што постапката е позната до крај, како може да се земе, односно конфискува опремата на некои корисник, телекомуникациски корисник или корисник на радиодифузната дејност.

Ако се усвои овој закон, односно Предлог за донесување на закон, мислам дека ќе се направи кардинална грешка. Така мислам од следните причини, тоа ќе биде, сакале ние да признаеме или не. Меѓутоа, тоа ќе биде еден удар во независните или приватните медиуми, ќе биде удар на објективното информирање, на плуралното информирање и при наши услови ние мора да бидеме свесни дека се работи за почетни, условно изградени такви институции, кои бараат многу време.

Зошто мислам понатаму дека е кардинална грешка. Од причина што, со донесување на овој закон, со усвојување на овој закон, ние на широко ги отвораме вратите за злоупотреба, дополнителна злоупотреба од страна на државните органи, волонтаризам во однос на овие радиодифузни организации, кои ако не одат во прилог на политичките структури кои ефективно ја имаат власта, се знае што ги чека, мислам дека тоа на секого му е јасно, веројатно ќе има и потешки реперкусии во однос на нашите претензии да го забрзаме процесот кон интегрирање на западните интеграциони процеси. Се плашам дека ние сме на пат да го имитираме Белград, кои веќе многу лесно донесоа такви решенија кога ги носат репетиторите, емитувачите, опремата и т.н.

Мислам дека тоа немаме право да го направиме, бидејќи многу ќе му наштетиме

на имиџот на државата. Ако сакаме да разговараме за прекршување на законите во оваа област, јас мислам дека би требало да се разговара, но не само за овој сегмент, односно само за еден сегмент. Ние можеме да распраеме затоа што сите сегменти се поврзани со оваа дејност. Ние сме сведоци на прекршување на законот и тоа од јавна радиодифузна организација од републички, односно од државен карактер, кој се финансира од граѓаните. Ве молам, ние веќе шест месеци бараме информација кое е законска обврска од страна на раководството на МРТ, да поднесе извештај соодветно законот за МРТ. Го нема тој извештај, тоа е прекршување на закон. Зошто толку не боли? Една страна на прекршување на закон, а тука го премолчуваме.

Значи, излегува на видело дека сепак се работи за закон со политички цели и политички намери.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Крале Спанчевски.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, како известувач по ова прашање прво да кажам дека не се согласувам со претходниот дискутант.

Овој закон нема никакви политички цели и уште помалку удар на објективното информирање во Македонија, а уште помалку да наштети на имиџот на нашата држава. Пред се, целиот овој закон се однесува само на веќе споменатиот член 83, односно по точката 10 се донесуваат точка 11 и 12, а точката 11 станува точка 13.

Значи, целиот закон се состои само во овие два члена, кои два члена децидно звучат вака: донесе решение за привремено одземање на телекомуникациски средства на имателите на телекомуникациските мрежи и средства кои вршат јавна телекомуникациска услуга, а немаат добиено концесија и не склучиле договор за остварување на концесија. И точка 12 да донесе решение за привремено одземање на радио станица, која нема дозвола за работа на радио станицата, или не постапи по решение за забрана за работа на радио станицата. Значи од сето ова може да се види дека нема никакви политички цели, односно никаков удар на објективното информирање. Односно, јас како претседател на Комисијата за сообраќај и врски на сесијата одржана на 27 март 2000 година го разгледувавме Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за телекомуникациите, со Предлог на закон.

Комисијата констатира дека има потреба од донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за телекомуникациите, заради потребата од создавање на услови за по ефикасно делување на Републичкиот инспекторат за телекомуникации, при вршење на инспекцискиот надзор на спроведување на Законот за телекомуникациите и Законот за радиодифузната дејност, во однос на изградбата, одржувањето и употребата на телекомуникациската мрежа и средства.

Комисијата смета дека предложените измени ќе го унапредат развојот во областа на телекомуникациите како и дека ќе придонесат кон недискриминаторски пристап на граѓаните на РМ, до висок квалитет на телекомуникациските услуги. Исто така, се цени дека со донесувањето на овој закон ќе се обезбеди по ефикасно спречување на натамошното нелегално емитување на радио и телевизиски програми, односно нелегално вршење на јавните телекомуникациски услуги.

Меѓутоа, имаше и мислења дека со предложените измени и дополнувања на Законот за телекомуникации, се даваат прешироки овластувања на републичкиот инспектор за телекомуникации, во смисла на давање на ингеренции и право тој да донесува решение за непосредно, привремено одземање на опремата и уредите на имателите на телекомуникациските мрежи и средства кои работат без добиени концесии за вршење на јавни телекомуникациски услуги, или радиодифузна дејност, односно работат без добиена дозвола за работа на радио станици во службите, во рамките на Министерството за сообраќај и врски.

Исто така, за неквалитетен, или технички неисправен пренос на информации во етерот, со што сметаат на непосредната околина. Во оваа смисла се постави и прашањето за степенот на стручноста на републичките инспектори за телекомуникации за тие да можат да наредат привремено одземање на телекомуникациските средства, односно на радио станиците.

Заради спречување на можноста од самоволието од страна на републичките инспектори за телекомуникации да наредат привремено одземање на уредите и опремата, со кои се вршат јавни телекомуникациски услуги и радиодифузна

дејност. Во Комисијата се изнесени мислењата дека е по целисходно активно вклучување на судските органи во прекршочната постапка да се произнесат по решението на инспекторот за привремено одземање. Во однос на одземањето на телекомуникациските средства и радио станиците од имателите се изнесе став дека непосредно привремено одземање на одделна сопственост од имателите на телекомуникациските мрежи и средства од страна на републичките инспектори за телекомуникации, а не одземањето да го вршат судски органи врз основа на барање на надлежност на инспекторот е спротивно на член 30 од Уставот, со кое е загарантирано правото на сопственост и не можноста никому да му бидат одземени и ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес, утврден со закон. Воедно беше укажано дека самата постапка на привремено одземање на опрема и средства може да предизвика технички проблеми во смисол може да се доведе до различен степен на оштетување, амортизација или намалување на квалитетот на одземените предмети. За таа цел се предложи инспекторот да биде обврзан да состави записник, со кој децидно ќе се утврди затекнатата состојба на квалитетот, квантитетот и старосната граница на уредите што се одземаат.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:** (Продолжение)

Во тој правец имаше и мислење дека употребата на овие овластувања на Републичкиот инспектор за телекомуникации треба да биде рестриктивна и резултат на исцрпување на сите други предвидени решенија во Законот за телекомуникациите, односно тоа се однесува на точките од член 83 односно точките 3, 4 и 5. Значи се поставува прашањето што по забраната на инспекторот, што по запечатувањето на опремата. Уште пред да појдат инспекторите од вратата ќе го слушнат сигналот на истата радиостаница. Тоа и самите го знаете, а чекајќи го резултатот од судот, односно решението од судот таа станица ќе ра-боти и можеби ќе смета со години на другите и ќе биде нецелисходно тоа работење. Затоа се бара во овој Закон за телекомуникации да се предвидат решенијата со Законот за радиодифузна дејност, а кои се однесуваат на спречување на неовластено емитување на радио или телевизиска програма.

На крајот Комисијата заклучи и му предложи на Собранието да го претресе и да го усвои Предлогот за донесување на законот и да донесе закон за изменување и дополнување на Законот за телекомуникациите.

Значи уште еднаш кажувам дека ова целисходен закон, без никакви политички цели, уште помалку удар врз објективното информирање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Крале Спанчевски.

За збор се јави Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас би сакал едно политичко убедување, односно интервенција во Законот со многу малку членови. Многу голема бука се крена односно се обиде дел од опозицијата да пронајде политички мотиви во носењето на еден ваков закон и сега всушност за тежината на донесувањето на овој закон, јас би сакал да дадам свое видување па јавноста може сама да процени дали е целисходна или не е целисходна оваа одлука за донесување на ваков закон.

Министерството за сообраќај и врски, досега на начинот на кој ја извршуваше оваа работа, свесни сме дека имаше проблеми во однос на спречувањето на многу радио и ТВ станици, диви кои немаа уплатено никакви средства во државната каса. Сега акцентот од страна на опозицијата е обид да се каже дека опремата ќе биде привремено одземена. Сега наместо да се фрли акцентот на намерите и обидите една работа да почне да се остварува ефикасно, се фрла акцентот на тоа зошто при времено ќе биде одземена опремата и при тоа се наведуваат некакви скриени намери или скриени мотиви. Доколку ние сакаме ефикасност во средувањето на работите во сферата на телекомуникациите, треба да се запрашаме каква била ефикасноста досега.

На првото прашање дали постојат диви радио и ТВ станици во РМ, одговорот е да.

На второто прашање, дали досега судството реагирало и биле изведени извршни судски решенија за одземање, можеби за запечатување имало, меѓутоа дали после тоа повторно тие радио станици предложиле соработка. Одговорот на тоа прашање е да. Значи, ефикасноста во спречувањето на дивите радиостаници досега било никакво и со право, кога сум дискутирал со одредени сопственици на приватни и радио ТВ станици кои што си ја платиле таа концесија, тоа е обврска кон државата, самите тие реагирале. Реагирале затоа што некои

нивни колеги не платиле и се уште зрачат.

Велиме немаме доверба во судството. Повторно ќе повторам, ако имале ефикасност во донесувањето на судските одлуки, досега ние немаше да имаме ниту една дива радиостаница. И повторно, можеби, заради политички маркетинг се обидува да се сведе, или да имаме поистоветување со ситуацијата во Белград. Во Белград, односно во Србија ситуацијата е потполно различна од оваа. Таму се случува затворање на локални радиостаници, градски радиостаници. Овде станува збор за потполно диви радио и ТВ станици.

Замислете ја ситуацијата во Германија некој да си отвори дива радио станица и да се надева дека ќе продолжи со работа. Нема да може ни 24 часа да зрачи, неговата радиостаница ќе биде затворена.

И уште една работа. Сите ние како пратеници, дали на приватна пошта кој како се има пријавено да ја прима пратеничката пошта, или во рамките на пратеничките групи ја има веќе добиено Информацијата од МРТВ. Така да треба да се информира јавноста. Таа Информација ја имате добиено, по неа може да расправа Собранието, ако има потреба, меѓутоа не треба да дезинформираме дека, еве ние цело време бараме и се уште ја нема. Тоа не е точно. Сите ја добивме Информацијата, треба да погледнеме во материјалите, погледнете таму и ќе видите дека таква Информација има. Дали сте задоволни од таа Информација, можеме да расправаме на една седница.

Јас од овие причини што ги спомнав, од оваа политичка тежина за решавање на овој проблем, ќе поддржам донесувањето на овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Данило Глигоровски за учество во расправата.

Реплика има г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Цело време двајца дискутанти ги напаѓаат моите идеи, па еве и јас се јавив за реплика.

Мислам дека бев многу јасен кога кажав дека воопшто немав против, дури сум за тоа, сите кои нелегално се вклучени во телекомуникацискиот систем, радиодифузниот систем, нормално дека државните органи треба да ги преземаат сите дејствија да се спречи тоа.

Целта ми беше тоа дека не е причина недостаток на норми или недостаток на законот за да се оствари тоа, туку напротив, законот е сосема јасен и дециден. Мислам дека е недостаток функционирањето на државните институции, од причина што кога еднаш една радиодифузна организација ќе се запечати, па повторно функционира, тука се работи за некоја посебна поддршка од некоја институција, од поединец, од функционер и т.н. Затоа јас сметам, вака како што сакаме да направиме, односно да го смениме законот многу лесно ќе дојдеме во состојба некој да ја злоупотреби оваа формулација на законот, ако биде закон.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието Илијаз Халими).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јави пратеникот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Повторно се доведува во сомнеж работата на државните институции дека некој можеби ќе ја злоупотреби. Ние во овој момент се наоѓаме во една фактичка ситуација, некој ја злоупотребува во овој момент и некој зрачи незаконски. Ова е еден предлог да се реши проблемот. Не се вели дека ќе му биде перманентно одземена опремата. Ќе му биде конфискувана, до оној момент додека не си ги реши обврските кон државата. Кога ќе ја плати таа концесија, ќе биде, не гледам начин на злоупотреба. Можно е некои од тие на кои ќе им биде одземена опремата да ја фрлат вината дека тоа ќе биде политичка позадина. Меѓутоа фактичката состојба говори нешто друго, не платил човекот, а сака да зрачи. Тоа не може и со овој закон тоа се спречува.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Глигоровски.

За збор се јави пратеникот Илија Иловски.

**ИЛИЈА ИЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван г-дин министер, лично ви се обраќам вам, бидејќи на Комисијата за сообраќај и врски побарана е ваша слика, да ве видиме вака во живо, па денеска не удостоивте околу овој закон, па добро е што сте тука да слушнете некои размислувања и од опозицијата, во врска со овој закон.

Јас навистина ја сфаќам најдобрата намера на предлагачот на измените во овој закон, да се стави еднаш ред во етерот и од тој аспект се поздравуваат едни вакви промени во Законот за телекомуникации.

Меѓутоа мора да се има предвид и фактот и со целосен респект да укажам на претходниот дискутант, г-динот Глигоровски што укажување на овие факти.

Меѓутоа мора да се имаат предвид неколку други согледувања кои мислам дека отвораат простор да ние како опозиција се сомневаме во најдобрите намери на предлагачот и тие моменти би ги посочил за да се убедат пратениците дека навистина не се онака чисто како што се мисли, дека со две ситни интервенции во еден член од законот се ќе се среди во сферата на телекомуникациите поготово во сферата на емитување на сигнали од страна на електронските медиуми. Комплетно го поддржувам пратеникот од ПДП, кој искажа дека членот 8 3 од веќе постоечкиот. Закон има доволна рамка да најдецидно и најпрецизно е кажано да ги уреди односите во оваа сфера и воопшто нема простор за додатни интервенции. Кога го говорам ова мислам на тоа дека набројани се таксативно сите оние права и обврски и одговорности што се дадени на инспекциските служби на ресорното министерство, да докрај си ја завршат својата работа.

Значи нема ниедна одредба тука што го кочи инспекторот да не стави ред во контрола на емитување на сигналите, дали од ТВ или радиостаницата. Меѓутоа, смета една констатација и навистина збунува фактот што и претставникот, што беше од Комисијата за сообраќај и транспорт, а сега од одредени пратеници можеме да се убедиме дека се упатени остри забелешки на еден независен орган што мислам дека е столб на демократската и правната држава, тоа е судството и наводно дека се пристапува кон едни вакви ригорозни решенија, бидејќи не ни функционирало судството во РМ. Со тоа навистина не се согласувам и сакам да дадам некои мали појаснувања што не ни функционира во оваа сфера, а не само вака атхок некого да напаѓаме.

Каде се крие намерата на законодавецот во ваквите измени да воведен еден тоталитарен систем на решавање на проблемите. Намерата се крие во тоа што битно не се прави дистинкција што е тоа еден субјект во оваа сфера да добие концесија која ја издава Владата и да го измине оној трнлив пат до потпишување на договор за концесија и добивање на дозволата за работа, како финален документ кој му овозможува да си ја врши оваа дејност.

Јас имам Информација, тогаш побарав од претставникот на Владата, за жал не ја добив, на мислење бевме до пред почетокот на оваа седница, или бидејќи министерот е тука може да ни соопшти, кој е бројот на концесионерите кои добиле концесија за емитување на радио и ТВ сигнал во РМ и бројот на оние субјекти кои добиле концесија, а се уште немаат потпишано договор за работа и да ни се соопштат причините зошто не се потпишани и договорите за концесија и зошто не се издадени дозволите за работа на одредени субјекти. Ако тука се работи за некои чисто технички недостатоци за извршување на оваа дејност, тогаш е прифатливо и за нас зошто не се издадени такви дозволи за работа.

Меѓутоа вистината во секојдневното живеење е малку поинаква. Имено имаме информации, министерот може да потврди или да демантира дека во оваа област досега Владата издала околу 120 концесии за радио и ТВ станици на целокупното подрачје на РМ. Од тие 120 концесионери неодамна со одлука на Владата поради не исполнување на условите понудени во тендерот за добивање на концесија, 33 радио и ТВ станици се укинати.

Значи, иако ги добиле, не ги исполниле условите за потпишување на договор на концесија и тие се укинати и се третираат дека не-маат концесии. Што значи, ако се извади таа бројка во моментот имаме ситуација 90-тина концесионери во оваа област. Меѓутоа, за жал имаме само 10 до 15 стопански субјекти кои се занимаваат со оваа дејност, кои имаат договор да ја потпишат таа концесија и од страна на ресорното министерство имаат добиено дозвола за работ. И тука во директни разговори за одредени субјекти кои работат на оваа област, укажувано е дека се дава одредена политичка димензија на случајот и се преиспитуваат политичките припадности на одредени субјекти кои најрегуларно, од страна на Владата добиле концесии. Зошто ?

Затоа што инспекциските служби, како што спомнав на почетокот имаат навистина големи права, за било каква ситница од технички карактер го одбиваат субјектот и никогаш не можат да му ја издадат дозволата за работа. Изиритирани од една таква ситуација, нормално во одредени моменти свесно го кршат законот и емитуваат сигнал иако немаат право за тоа. Значи финалниот документ за извршување на оваа дејност се уште го немаат добиено, а тоа е дозволата за работа.

Согласно законскиот акт кој ја регулира оваа материја, дозволите за работа не ги издаваат инспекциските служби, кои направиле некои инспекции па утврдиле

определени недостатоци, туку таа чест му припаѓа на т.н. Сектор за радиокомуникација кој е во директна вертикална комуникација со ресорното Министерство за сообраќај и врски.

Значи она што благовремено не си го завршил Секторот за радиокомуникации сега некои од испекциските служби постапувајќи не демократски и многу ригорозно во постапката за одземање на опрема, треба да им ги решат тие проблеми. За тоа сам по себе зборува фактот дека од вкупно издадени концесии, само многу мал или незначителен број концесионери имаат добиено дозволи за работа.

Второ, иако како што пред малку спомнав одредени субјекти во овој сегмент го кршат свесно законот, членот 83, како што кажав е толку растеглив и дава доволна рамка за тоа да си добие правна завршница. Никогаш не би се согласил дека не ни функционирал правниот систем во државата, било споро судството, па затоа сега на неколку инспектори кои ќе бидат во директна вертикална координација со министерот за сообраќај и врски, или со Секторот за радиокомуникација, да имаат такви неограничени права, бидејќи во Законот за прекршоци, во друг сега законски акт, "Сл. Весник на РМ" од 15/97 година децидно има одредба за така наречената скратена прекршочна постапка, која се завршува во рок од неколку дена, ден, два или максимум три. Ние досега немаме добиено Информација дека инспекторите на ресорното Министерство вршејќи ја оваа работа, поднеле барање до судовите за во ваква скратена постапка, согласно Законот за прекршоци, се решаваат овие настанати случаеви меѓу субјектот кој нема дозвола за работа, а има концесија или нема концесија, а емитува сигнал и ресорното Министерство.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (Продолжение)

Второ, имаме институт на донесување на времена судска одлука, која може во рок од 24 сата да се издаде од надлежниот суд на подрачјето каде е направен прекршокот и работата да се заврши.

Инаку, пренебрегувајќи го судството како независна институција, еден од столбовите на демократската држава, ние навистина почнуваме да личиме на она што го имаме како слика и прилика во последниве денови, последниве месеци, последниве години, да го гледаме кај некои од нашите соседи. Поткрепено ова како констатација со намерата на Владата дека има намера во една брза постапка да донесе Закон за јавно информирање и новинарите да ги стави во една ситуација, како една посебна фела во општеството, која ќе биде исклучиво како таква таа контролирана со закон, навистина, не може на пратеник од опозоцијата ништо да не му паѓа на памет, туку дека сака да се стави, прво, овде во хардверскиот пакет да се направи една интервенција да се земат сите тие опреми, а потоа со Законот за јавно информирање и во софтверот, значи и новинарите да подлежат на едни строги санкции и па се стави комплетен ред во функција на коалицијата пред претстојните локални избори.

Затоа, пратеничката група, немајќи ги овие Информации кои претходно ги кажав, кои не ни беа благовремено доставени, а во меѓувреме се трудевме да ги добиеме, мислам дека нема да го поддржи овој закон.

Бидејќи, проверивме дека истиот е во суштинска спротивност со одредбите на Советот на Европа и проверено е дека ниту една земја, членка на Унијата нема одредби во своето национално законодавство, на ваков начин да ги регулира прашањата во областа на радиодифузијата.

На крај не можам да се изначудам зошто се предлага една ваква мерка и зошто се сака да се донесе една ваква мерка, на неколку инспектори да им се дадат вакви неограничени права да прават што сакаат низ Република Македонија во ТВ и радио станиците, кога навистина во последниве 6, 7 месеци перфектно функционира еден друг модел на заштита, од она што власта не сака да го чуе или не сака да го емитува како за инает на народот.

Имено, во внатрешноста сведоци сме дека со месеци наназад во понеделник или во среда не се гледа Сител или А1, бидејќи локалните директори на Електродистрибуција едноставно го исклучуваат кабелот на нивниот репетитор и предавник таму, така што никакви по ефикасни мерки за да не се емитува нешто што не сака да се слушне немате од тоа, а тоа со закон не е регулирано никаде и никој пред никого не одговара.

Така, мислам дека не се потребни никакви дополнителни мерки ако се сака да се постигне таа политичка цел, за која ние се сомневаме и навистина имаме право да се сомневаме. Мислам дека, еднаш треба да се престане со некои перфидни форми за санкционирање на слободното новинарство, во спротивно, навистина

запливуваме во едни води, каде што веќе се запливани некои од нашите соседи и мислам дека овој закон денес треба да се повлече. А, до крај ригорозно и прецизно да се спроведуваат одредбите на постојниот член 83 или да се прифати предлогот на претставникот на ДА во Комисијата за сообраќај и врски, господинот Ристо Спанаков, кој имаше многу конструктивен предлог, со посебно судско решение во скратена постапка, јас во меѓувреме се потрудив и најдов законска основа за тоа, кој постои во Законот за прекршоци, да се забрзаат судските постапки, доколку инспекторот утврди некои технички недостатоци за одземање на дозволата или се емитува сигнал преку она фрекфентно подрачје, за кое што нема добиено фрекфенција и т.н. Инаку, во спротивност и самата јавност веќе го осудува овој Предлог на измени во Законот за телекомуникации. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Илија Илоски.

За реплика се јави господинот Данило Глигороски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ:**

Овде има две работи. Јас реплицирам на следното.

Цело време постојат обиди да се даде политичка позадина на ова. Притоа, се мешаат и се ставаат неколку теми се со цел да добие на тежина тврдењето дека навистина постои политичка позадина. Погледнете ги фактите и ништо друго. Фактите се дека ние имаме радио и телевизиски станици што зрачат и не платиле. Погледнете го фактот дека тие радио станици што платиле концесија треба да се борат на пазарот со тие што не платиле. Значи, едните платиле концесија кон државата, а потоа мора да се борат во таа борба за профит со оние што не платиле. Тоа е недозволиво во една држава.

Вториот факт, кој што не можеме да го заборавиме дека до овој момент слаба е ефикасноста на затворање на диви радио станици. Зошто барате политичка позадина кога фактите велат дека едноставно луѓето си зрачат и никој ништо не им прави.

Втората работа, не треба да ги мешате тие две теми. Еве, за поголема тежина беше спомнато и Законот за јавно информирање и т.н. Сега, замислете ја ситуацијата некој да ја обвини партијата ВМРО-ДПМНЕ дека земала пари за предизборна кампања од некои грчки новинари, тоа благе везе нема со вистината и да си остане на тврдењето и така да остане. Едноставно не треба да ги мешате тие работи.

Денеска носиме друг закон, кој што има практична примена и практични проблеми во оваа држава. Помислете на оние бизнисмени, сопственици на приватни радио станици, кои што платиле концесија и нивната борба со оние приватни бизнисмени, кои што не платиле концесија. На тоа помислете и ќе видите која е потребата за реагирање, која што досега не била остварена од страна на голем број на институции во оваа земја.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Данило Глигороски.

За реплика се јави господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Видете, да не се сфатиме погрешно.

Јас повторно во име на пратеничката група на СДСМ сакам да укажам на фактот дека, ние како партија не сме против тоа да се стави ред во етерот. Напротив, сто пати кажав дека сме како партија, министерот да си ги запне своите службеници, таму да ги искористат сите институти кои стојат одредени во членот 83, завршно со вадење на судско решение некој да оди во затвор за тоа. Зошто да оди? Бидејќи во одреден период на таа постапка кога инспекторот го запечатува одредено радио или одредена телевизија, поради икс причини, технички и не знам какви недостатоци и т.н., кинењето на пломбата по Кривичниот законик е веќе кривично дело со државен жиг.

Значи, ги имаме сите инструменти да воведеме ред, ако сакаме да воведеме ред. Воопшто не ми е јасно зошто сега се посегнува за двајца или тројца инспектори по наредба на министерот, да отиделе некаде да земат 4 радија, 2 телевизори и т.н. Тоа не може да се подведе под некоја демократска форма. Затоа, се нашите сомнежи.

Инаку, да му одговорам на господинот Глигороски, кој исклучително го почитувам како личност, дека тие имаат институција МВР е нивно, нека го фатат новинарот што напишал за грчките фирми што давале пари за ВМРО за изборите и нека го затворат. Имаат институција, ако не е точно тоа.

Меѓутоа, има институти што се вика судство, треба да го тужи новинарот, меѓутоа колку што јас се сеќавам во таа расправа, новинарот јавно повика дека ги поседува тие документи и дури бара да го судат. Така што, ние се бориме за оној столб на правната демократска држава, никогаш да не се пренабрегнува судството, затоа што голема е опасноста со вакви ситни навидум интервенции, да завлегуваме во други недемократски води.

Второ, јас директно го запрашав министерот и би сакал да добијат одговор. Во кое европско законодавство национално, на било која членка на земјите на Унијата, постои една ваква одредба, без одлука на суд некој да влезе дома и да зема кај некого приватен имот. Па, тоа се коси со Уставот, барем колку што сум го читал јас Уставот. Се влегува во приватна фирма двајца инспектори по наредба на министерот ќе носат телевизори и радија каде што ќе им текне.

Ова не може вака да се подведе, а да е демократски и сите да гласаме за тоа. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Овде се поставија неколку прашања, па затоа и министерот сакаше да дообјасни, односно да Ви одговара.

Збор има министерот за сообраќај, господинот Боби Спирковски.

**БОБИ СПИРКОВСКИ:**

Благодарам г. потпретседателе, моето почитување и за Вас и за сите пратеници, бидејќи еве за прв пат се обраќам од оваа говорница. Извинување и за господинот пратеник Илоски, што само еднаш сум присуствувал на првата седница на Комисијата. Но, јас и тогаш на Комисијата однапред и се извинив дека често, ако не и секогаш ќе бидам отсутен, таа е техничка комисија, која што бара експертиза и експерти, а јас сум дипломиран правник од една страна.

Од друга страна, начинот на кој што Министерството за сообраќај и врски беше водено пред мене, кога еден од министрите седеше во Владата и не беше ни физички присутен таму, повеќе нема да се случи во овој ресор, бидејќи овој ресор, по мене, е еден од најважните ресори во Владата на Република Македонија. Бидејќи, во него се уредуваат еден огромен број на области, витални области за ова општество и исклучително значајно за стопанството и државата во целина. Вие и самите знаете дека, еве најновиот пример Пактот за стабилност, се што е врзано круцијално за моменталната позиција на Република Македонија, тргнува од ресорот сообраќај и врски.

Значи, и јас бев зачуден, морам да бидам искрен, кога дојдов и кога осетив за какво значење станува збор, а какво значење претходно му било дадено на овој ресор и тоа е една од причините главна и основна, зошто често пати на овие експертски претходни расправи нема да можам да присуствувам.

Второ, морам да кажам дека и начинот на кој што функционира нашиот систем и Владата и Парламентот, физички не ни овозможува да прочитаме сето тоа, а веројатно тоа и на вам ви се случува, па затоа морам да Ви се извинам на сите. Она што го прочитав во образложението, а претходно не го бев видел како причина за донесување на законот, дека претставува бавноста на функционирање на друг орган, не може да биде причина за донесување на законот и тоа е грешка. И, веројатно, заради таа грешка дискусијава тргна малку во погрешен правец.

Причина за донесување на овој закон, прво би сакал да потенцирам дека Министерството за сообраќај и врски е технички ресор. Значи, тука многу политика во принцип нема. Тука станува збор за уредување на витални области на крвотокот на државата од технички аспекти. Вие сите знаете што е сообраќај, вие сите знаете што е телекомуникации и тука импровизации и преголемо учество на политиката во принцип нема.

Мојa генерална определба, која што вие често пати јавно сте ја слушнале, јавно е изразена дека нема да дозволам политиката да го води секторот. Сигурно е дека сум јас министер во Владата на Република Македонија, сигурно дека одредена политика има, меѓутоа таа политика е само во начинот на уредувањето на областите кои што ги покрива овој ресор.

Една од виталните области меѓу бројните е и радиодифузијата. Морам да ви кажам дека станува збор за исклучително осетлива област, во која што ретко кој министер би се нафатил во една ситуација на состојба, која што јас ја наследив на тотален хаос, на ситуација кога една мала држава преку 200 во тој момент имаше радиодифузни куќи, што телевизии, што радија, од кои преку 80 емитуваа програма без ниту дозвола за работа, како што рековте, ниту дозвола за набавка на

опрема, најмалку пак некаков договор со државата, што се вика концесија. Значи, буквално емитуваат од спални соби, она што тие сакаат.

Прво, да ви кажам дека имањето на фрекфенција или емитувањето на таков начин се поистоветува со имањето на оружје во раце. Тоа е пиштол. Замислете некој човек кој што има некакво пореметување или не знам што да објави некоја вест во своето маало, во својата средина од својата спална соба, од која ќе загинат 3, 4 или 10 луѓе во паника. Бројни се причините, поради кои државата сериозно треба да си ја уреди оваа област и тука не смее да дозволи импровизација.

Ние се обидовме во неколку наврати, дури побаравме и политичка поддршка од Владата, да почнете да затворате јавни медиуми сами како министер е страшно ризична работа. Вие сами сте сведоци дека дента кога затворивме едно радио, кое што беше без никаква дозвола за работа, сопственикот на радиото имаше и телевизија, следниот ден почна да ме реконструира.

И, ние рековме од тоа нема да се плашиме, ќе го земеме и овој врел костен враце и ќе ги разрешиме состојбите. Почнавме тоа да го правиме. Побаравме и владина поддршка, преку владин заклучок со определени рокови, Владата да застане зад нас како ресор и да изрази една политичка поддршка, дека таа состојба еднаш треба да се уреди. И, таква Владина Одлука постои со рокови. Се обидовме со овие средства кои што тука ни се на располагање, тоа да го направиме. Ефектите ги гледате и самите какви беа.

Нема политичка партија, било од позицијата било од опозицијата, која што во време на изборите преку свои истакнати претставници, не се обиде да изврши притисок да не се затвораат определени медиуми, кои што немаат дозвола за работа, ниту пак концесија. Значи, станува збор за една состојба која што сите ние на одреден начин ја стимулираме и сите ние треба да изразиме одредена политичка волја и дефинитивно да кажеме дека сме за ред во оваа сфера. Ако тоа не го направиме и ако еден од тие сегменти и полуги во власта поинаку се определи, вие знаете дека тешко и уште со години оваа состојба ќе се провлекува во државата. А, нема кој има корист од тоа. Сите имаме штета.

Вие зборувате за Советот на Европа, вие зборувате за Европа, па најголемите критики ги трпиме од таму. Како што луѓето се чудат за дивоградбите како тоа кај нас постојат дивоградби, тоа е непоимлива работа за нив, така се чудат уште повеќе како кај нас може уште по опасно и уште по тешко од дивоградбите да постојат диви радио станици, диви телевизиски станици, од кои што дефинитивно може да има фантастично огромни последици. На крајот на краиштата диво градбата не може никому да му наштети на животот, а медиумите се оружје. И, тие, вие добро се сеќавате во. косовската криза какви проблеми имавме со медиумите. А, ние едноставно немавме средства, тие повикуваа на рушење на државата. Јас верувам дека ниеден пратеник овде, без оглед која му е политичката ориентација, немаше да се согласи со она што се случуваше во неколку медиуми во тоа време и сите ја чувствувавме таа опасност што тие медиуми ја продуцираа во државата.

Ние едноставно немавме оружје, немавме начин како да се спротивставиме. Со денови се советувавме кој орган е надлежен, кој што треба да преземе, оти стануваше збор за програмски аспект. А, јас повторно ќе кажам нашето министерство е техничко министерство. Програмските аспекти ги нема решено ни кај Советот, значи ни Советот за радио дифузија немаше да реагира, Министерството за информации исто така немаше прописи кои што му овозможуваат да реагира и на крајот најдовме соломонско решение повторно да го употребиме сообраќај и врски, се со цел во одредена драстична ситуација, да се обидеме да ја спасуваме државата од консеквенци кои што можат да настанат. Тие повикуваа на војна и директно емитуваа странски програми, кои што повикуваа војна во Македонија. Такви примери има бројни и помалку важни, намерно го одбрав овој кој што беше и најдрастичен, со цел да ви ги прикажам пластично кои беа причините. Не овие кои што стојат овде малку неколку напишани од колегите, морам да признам и уште еднаш да ви се извинам, причините се многу по темелни, многу по суштински, многу по длабоки, она што значи работење или не работење на друг орган. Немам намера во другите органи да задирам и тоа не ми беше целта.

Сега би проговорил малку за правната основа. Јас сметав дека овој закон малку по малку ќе привлече ваше

внимание, бидејќи е краток и технички, меѓутоа, гледам дека имаше потреба и можеби прв да се јавам за збор. Сега, би проговорил само 2-3 збора, колку да ги расчистиме нештата, понатаму да не предизвикуваат проблеми.

Овде станува збор за техничко - правно прашање повторно, дали и врз основа на кој правен пропис Министерството за сообраќај и врски може да побара со измени на законот и вакво правно средство да му се стави во надлежност. Основен закон кој ги уредува, ова е во суштина прекршок, не е друго ништо, е Закон за прекршоците и ние основата си ја најдовме во член 59, кој што во копија го имам овде од Законот за прекршоците, кој што вели дека со закон, се мисли на посебен закон или некој во ситуациите го нарекуваат лек специјалист, може да се овластат службените лица во Органите на управата привремено да ги одземат предметите од член 24, став 1 точка 4, тоа се предмети со кои се врши прекршокот, било кој, привремено да ги одземат и должни се привремено одземените предмети веднаш да ги предадат на надлежниот суд, односно да го известат за извршеното привремено одземање на предметите и да се покријат за нивното чување до поведување на прекршочната постапка.

Значи, мислам е јасен законскиот основ и со него можеме да полемизираме, ако некој смета дека ова не е законски основ што можеме да го користиме. Тука има многу правници тоа можеме правно и стручно да го полемизираме. Не би сакал да навлегуваме во уставни основи, бидејќи тоа е преинтензивно толкување на целата оваа одредба и со таквите дискусии не би сакал сега да се бавиме, ако не мораме.

Значи, основно е тоа што ви кажувам дека почувствувавме како орган во неколку наврати во овие една година и нешто со спроведените акции, потреба од дополнување на Законот и со ова средства кое што системски ни е ставено на располагање во управната постапка, инаку сите вие знаете дека сите постапки, прекршочната, управната, кривичната, граѓанската се независни постапки и голем дел од правните средства кои што се употребени во тие постапки се исти или слични.

Значи, нема тука никакво правно недоразбирање дека му одземаме некому друго му надлежност или дека му навлегуваме на некој друг орган во надлежност. Мислам дека, тука не треба да спориме. Управната постапка е постапка која што е независна постапка од другите, применува исти или слични правни инструменти, а конкретен овој инструмент ни е дадена можноста и во тој системски пропис да го користиме во нашето работење. Ете, тоа е она што сакав чисто како појаснување, бидејќи сметам дека на почетокот немав потреба, а сега се разви дискусија во еден друг правец, па предлагам ова како едно пледоаје да го прифатите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот министер на Боби Спирковски, што зеде учество во расправата.

Збор побара г-динот Илија Пемов, но пред тоа реплика има г-динот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Ова да го наречам - иако требаше на почеток да биде, меѓутоа еве и за крај - воведно излагање на министерот, некои работи стануваат појасни.

Меѓутоа, мора да се согласи дека и јас цело време зборувам за тоа. Членот кој се менува дава доволно правна рамка да се интервенира и да се заврши работата како што треба да не се пренебрегнува судството. Јас би го упатил министерот, кој знаеме дека е добар правник и на член 58 и 90 од Законот за прекршоци, каде што може многу по ефикасно да се донесе судска одлука и да се создаде ред во оваа бранша.

Второ, би го упатил на Законот за авторски и сродни права, каде без судска одлука - веројатно ова не го знаат и Стручните служби - дека за вршење на криминално дејство, а под криминално дејство во овој Закон за авторски права и сродни права, се смета и емитување на сигнал без однапред добиена лиценца, може времено да се одземе опремата. Би го запрашал зошто не се користат овие институции.

Еве, имате и друга проширена правна рамка, за да искористите институт од друг закон, да го земете тоа право, без разлика на ингеренциите дали ќе припаднат на едно или друго ресорно министерство. Сегашната законска регулатива доста прецизно и концизно во овој сегмент ја регулира оваа материја и оправдани се нашите сомневања, зошто се прибегнува кон една ваква вулгарна варијанта.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ви благодарам за дообрајснувањето.

Има збор г-динот пратеник Илија Пемов.

**ИЛИЈА ПЕМОВ:**

Почитуван претседател, почитуван министер, почитувани колеги пратеници, според Законот за радиодифузионата дејност во кој се разграничени програмските и техничките надлежности меѓу Советот за радиодифузија и Министерството за сообраќај и врски, преземањето мерки за престанок со работа на дифузерите кои немаат добиено концесија, дали затоа што воопшто не учествувале на конкурсот за доделување концесии или учествувале, а не добиле концесија, е во надлежност на Министерството за сообраќај и врски, односно предлагачот на овој предлог што денеска го разгледуваме. Министерството овие мерки ги спроведува преку Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски.

Во образложениeто за причините за донесување на овој закон, се гледа дека во практиката наидува на многубројни тешкотии во спроведувањето на забраната за вршење на дејноста и работата на оние кои вршат јавни телекомуникации и услуги, а немаат концесија, како и радиостаниците кои работат нелегално без дозвола за работа.

Почитувани пратеници, пред неколку месеци Советот за радиодифузија, поднесе до Собранието на Република Македонија, Извештај за својата работа и сите ние пратеници го имаме добиено тој материјал. Во Извештајот стои дека Советот побарал Информација од Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски за мерките што се превземени и сите ние ја имаме добиено таа Информација на Републичкиот инспекторат доставена до Советот, како прилог на тој Извештај од Советот.

Во тој прилог имаме предлог на радио и телевизиски станици кон кои се превземени мерки од Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски. Според тој преглед Републичкиот инспекторат заклучно со јули 1999 година издал 113 решенија за забрана за вршење радиодифузна дејност, извршил 65 запечатувања на уреди или простории, со помош на кои се вршела радиодифузната дејност, поднел 22 кривични пријави не придржување кон забраната за вршење на радиодифузна дејност и 8 кривични пријави, поради отпечатување на запечатените уреди и простории. Од тие стотина радиодифузионери без концесија, кон кои биле преземени мерки, 65 од нив воопшто и не учествувале во конкурсот за доделување концесии за вршење радиодифузна дејност. Според таа Информација, тогаш само 9 радиодифузери престанале да вршат радиодифузна дејност. Најголемиот број други радиодифузери без концесија и натаму продолжувале со емитување програма. Со тоа тие го оневозможуваат дури и префрлувањето на легалните радио и ТВ станици на фреквенциите што им се одредени со дозвола на оние концесионери што сериозно и професионално се определиле да се занимаваат со радиодифузна дејност. Да не зборувам и за тоа што уште се соочени со нелојалната конкуренција, рекламни цени на маркетиншките услуги, од секоја пазарна логика и т.н. Ова беше дури и дел од образложенијата на оние концесионери кои заради тоа едноставно не сакаат да го платат надоместокот за концесија.

Затоа, едноставно не држи прогнозата или обвинувањето дека овој Закон ќе претставува удар врз независните медиуми, бидејќи тој е токму во нивна корист, барем што се однесува до независните електронски медиуми кои имаат добиено концесии за работа.

Очигледно е дека просекот на престанување со работа на дивите радиодифузери се покажа како долг и комплициран, но мерките што ги презема Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски зависат многу и од ефикасноста на другите државни и судски органи. Сега со овој предлог ќе се обезбеди по ефикасно спречување на нелегалното вршење на јавните комуникациски услуги или емитување на радио и ТВ програми од страна на правни и физички лица кои немаат добиено концесии за вршење соодветна дејност, односно трговските радио дифузни друштва кои работат без добиена дозвола за работа на радиостаница.

Јас како член на Комисијата за сообраќај и врски, која е матична комисија за вакви прашања што се однесуваат на системите за телекомуникација и радиодифузниот систем и на седницата на Комисијата гласав за овој предлог, и сега ќе го поддржам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Илија Пемов во учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Прво да кажам дека апсолутно се согласувам со сите напори и на Министерството и на Владата и на другите органи за воспоставување ред во радиодифузната мрежа и во етерот во целина.

Оттука, во никој случај не би сакал мојата дискусија да се сфати како одбрана на оние што не почитуваат прописи, а работат во овие дејности, немаат дозволи, емитуваат програми без одобрение. Тука на одреден начин беше кажано, зошто некои луѓе упорно бараат политика во законите. Исто така чувствувам потреба да кажам јавно дека, законот, односно правото, во услови на парламентарна демократија, тоа е волја на мнозинството подигната на ниво на закон. Мислам дека тука никој не се сомнева, затоа што тоа е едноставно така и едноставно никој не треба да се суди ако не се бара политичка конотација и во некоја законска одредба.

Јас не велам дека конкретниот закон има задни намери, скриени намери, лоши намери и т.н., подготвен сум дури да верувам дека предлагачот има позитивна намера, односно намерата му е да воспостави ред во етерот. Но принципиелно гледано, законот има политичка конотација и тоа не е спорно. Спорно, барем за мене, тука изгледа е дали постојната регулатива, постојниот закон, постојниот член 83 на законот, е доволна рамка за уредување на оваа материја или се бараат дополнителни правни средства за заштита од поединци носители на недозволени дејствија во овие области во овие дејности.

Лично сметам, читајќи го законот како правник, дека постојното решение пружа доволно рамка за да се воспостави ред, од причина што тука има инспекциски надзор, инспекторот му укажува на сопственикот, односно на лицето што обавува таква дејност на неправилностите, потоа има право да ја запечати просторијата каде се обавува дејноста или некое средство од кое се емитува програма и т.н. Значи тие правни легитимни средства постојат. Востановувањето право за инспекторот, кој едноставно да ја носи опремата со себе е малку проблематично, за која треба да се внимава, затоа што ни се отвораат други проблеми.

Имено, се дава можност да се одвива процес на не контролирано работење или работите можат да ни излезат од контрола, па да бидеме во ситуација во Печатот да читаме за каубојски упад таму и таму, во тоа претпријатие, во таа установа или не знам каде, каде што секако дека не е цел ниту на Владата, ниту на Министерството. Целта треба да биде како што реков воспоставување на ред. Редот според постојниот закон, мислам дека се обезбедува.

Исто така, сакам да изразам задоволство, што министерот и покрај тоа што тоа беше неколкупати повторено, и после министерот повторено од пратеникот, дека судовите се бавни, а министерот се огради од тоа и добро е што се огради, затоа што ние не можеме и не смееме априори после дискусија за еден закон или за Предлог за изменување и дополнување на закон да даваме оценка на судовите и да кажеме дека се тие спори, не ефикасни и т.н. Мислам тоа не смееме да го направиме, дури и кога во решавањето на овие спорови би настапиле тука со аргументација, дека Судот навистина бил спор по некое прашање. Тоа не треба да биде причина за давање вакви овластувања на инспекциските органи, бидејќи може лесно да ни се случи по некој друг повод да кажеме исто така дека, Судот е спор во решавањето на кривичните дела, на пример за убиство и да ја овластиме полицијата штом ќе го најде сторителот да го убие на лице место или нешто друго да му направи.

Значи, не смееме со таа правна логика да ги оправдуваме прописите што ги донесуваме. Министерот направи обид, доста успешен, да каже што биле причините за овој предлог, јас исто така јавно кажувам дека за донесување на овој Закон за изменување и дополнување на законот нема потреба, затоа што материјата правно е покриена, останува ефикасноста на инспекциските органи да реагираат, да ги запечатат просториите и ако некој ми рече дека сопственикот ќе го поништи печатот, насилно ќе влезе во просторијата, тој се изложува на опасност да чини кривично дело самовластите, што е исто така казниво.

Ова беше само еден мал обид да придонесам кон разјаснувањето на некои моменти.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Абдурахман Алити за учество во расправата.

За збор се јави г-динот потпретседател Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги пратеници, околу местото дали ќе сфатиме, имаме дозвола или концесија, дали е исто и едното и другото или не. Со концесија се добива правото да се емитува некоја програма. Меѓутоа, веднаш доаѓа да се добие право да може ова да го прави. Ако нема некој право тоа да го направи, дали сега инспекторот што ќе дојде неколку пати да го напомене да не ја врши функцијата, одбива, нема право да му го одземе средството како предмет со кој се извршува прекршокот или кривичното дело. Некои колеги сакаат да кажат дали ако Судот

работи полека, полицијата ќе дојде, па ќе треба извршителот на кривично дело веднаш да го убие или не. Нема да го убие, ама средствата со кои тој делувал ќе му ги одземе веднаш и дури тогаш ќе се бара од Судот забрана за вршење на дејноста. Ако останат средствата, како ќе му забраниш.

Понатаму, што ме тера да говорам, овде имаше извршување на некои дивоградби и кои телевизиски станици се јавија да се чудат дали е можно една дивоградба да се сруши. Тие кои немаат право на работа, тие кои се без дозвола. Сега колегите пратеници кои сакаат да ја бранат оваа теза, нека работи додека дојде пресуда, нека си оди, нека си чини и ние ќе чекаме работата да помине. Дали откако ќе се утврди дека нема дозвола за работа, ќе може да го казнуваме затоа што сме му дозволиле да работи. Сигурно не. Затоа, ова е средство за спречување на противправноста. Ако некој има дозвола за работа зошто некој да го спречува.

Значи, овде е проблемот дали против правноста да се сопре веднаш или да се дозволи таа и понатаму да постои. Ако се толерира, тогаш во рок од кога почнува постапката до траење на таа постапка нема против правност.

Во овој случај, сакам да го поддржам Предлог законот и тој само донесе одредени дејствија на инспекторот кој може, кога врши функција покрај другите можни овластувања во членот 83, после точката 10 и 5 - 10 тоа да го чини. Јас лично сметам дека со ова се дополни празнината за дејствување на правната држава, а кој тоа ќе го извршува дали ќе биде Судот или во управната постапка тоа ќе го чинат органите на Управата, каде е и Владата, министерствата и другите овластени служби. Во овој случај Институтот не се менува, останува испекторот, тој има само поголемо овластување, една против правност кога ќе се утврди веднаш да ја сопре од извршување. Поради ова ние треба да бидеме подготвени да го прифатиме со поздрав овој гест на Министерството за сообраќаи и врски, затоа што ни дава поголема сигурност дека не може некој што сака да работи во оваа држава.

Што се однесува до употреба на термините "упад", па господа, ние имаме, дали се тоа печатени или други електронски медиуми кои говореа на упад на финансов инспектор во работа на некој даночен обврзник. Па, по закон финансискиот инспектор е овластен да влезе во простории и да врши проверка и контрола, а не да упаѓа. Тоа го чинеа не повеќе тие медиуми кои немаат дозвола за работа, што значи сами еден друг се штителе.

Јас би го прашал колегата Илија Илоски дали има намера да продолжи со противењето, да ја помогне оваа против правност или е да се заведе ред во работата. Ако е за ред, тогаш инспекторот донесува решение за одземање на апаратот, што значи дека го одзема средството со кое се вршат против правни дејствија. По правило во правото е подобро да се спречи, отколку после да се лечи. Ако оставиме ова и понатаму да оди така, бесправието да господари и се брани со принципи на демократија, или евентуална можност да се загрозат јавните медиуми, нека си извади одредена дозвола, нека си добие лиценца, да не се меша на друг во работа, да е слободен, кој што ќе му попречува, никој ништо. Овде тоа се однесува на оние кои таквите права ги немаат и сега тој организирано користи против правност да не може против него да се применуваат редовни правни средства. Што прави еден закон? Кога ќе се донесе се прати неговото извршување и во текот на неговото живеење се изнаоѓаат или мерки кои се потребни, или пак мерки кои се дополнително потребни за да Законот ја постигне својата цел за која е донесен.

Овој закон мислам дека е во функција да се постигне целта на основниот Закон за радиодифузија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот потпретседател Томислав Стојановски.

За збор се јави господинот пратеник Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата.

Не сум против средување на хаосот во телекомуникациите во Република Македонија, туку на овој начин како што се работи со овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за телекомуникации, од каде што предлагам Владата да го повлече овој закон, бидејќи е во директен судир со Уставот став 1 член 3, кој што вели дека не е во согласност член 3 став 1 од Уставот на Република Македонија, каде е утврдено дека се гарантира правото на сопственост и правото на наследување.

Сакам да потенцирам дека во овој Устав станува збор за осетлива електронска техника која што бара посебни стручни лица за демонтирање, посебен транспорт и посебни простории за чување. Сето тоа претставува трошок на Владата, односно на оваа држава. Од тој аспект сакам да кажам дека овој Предлог на закон, истовремено е во спротивност со Законот за измена и дополнување на Законот за телекомуникации. Во член 51 вели: "инспекторите се развластуваат", и каде што инспекторот има само право да предложи на директорот на Дирекцијата за телекомуникации. Значи, сакам да кажам дека со Законот за телекомуникации и со Законот за изменување и дополнување на Законот за телекомуникациите е предвидено формирање на Дирекција за телекомуникации, која што ќе се грижи од стручен аспект да воспостави ред во телекомуникациите и во Радиодифузниот систем во Република Македонија. Оваа Дирекција не е оформена, иако рокот е одамна изминат.

Согласно Законот за телекомуникации кој е донесен на 1.06.1996 година во завршните одредби вели: "прописите и другите општи акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон". Ве молам, значи вршиме измена на Законот. Старите прописи кои што му кореспондираат на претходниот закон и понатаму важат две години за новиот закон, кој што е во спротивност со стариот. Значи, оттука настанува хаосот во телекомуникациите и во дифузијата. Значи имаме не усогласени закони, не донесени навреме правилници како подакти на законите, одлуки во таа насока и тука се створа еден хаос во законодавството, каде што не се знае кој што треба да работи и кога и како треба да работи. Од сите тие аспекти имаме состојба по осамостојувањето на Република Македонија, знаете дека радиостаниците во Република Македонија, односно во градот Скопје, локалните радио станици, кои ги имаше некаде околу 22 од аспект на фреквенција работеа и немаше технички проблеми. Бидејќи преоѓаме во економски услуги на работење, значи со менување на општествените односи во државите, со преминот од договорна економија во пазарна економија, ваквите радио станици кога работеа беа евидентирани од претходната Влада и им беше кажано дека ќе добијат дозволи. Со тоа, значи концесијата преставува начелна согласност да може одреден барател за отворање на радио станица или ТВ станица, да може технички да го опремува просторот и опремата која што е потребна за сместување на таа радио станица или телевизиска станица. Со концесијата тој нема право да отпочне да работи.

Значи, со добивање на концесијата тој врши техничка подготовка за да може да емитува. По завршување на тој дел од работата потребна е да се даде употребна дозвола, односно дозвола за работа на таа радио станица, а по добивањето на таа дозвола, фактички се оди на склучување на договор со надлежниот орган, како ќе се работи во делот на програмските определби на радио станицата или ТВ станицата.

Не само во телекомуникациите, во радиодифузијата, каде што имаме доста проблеми, туку имаме и други проблеми во сферата на сообраќајот и врските и во оваа прилика сакам да кажам неколку збора во врска со работата на Министерството за сообраќај и врски.

Денес една деценија по осамостојувањето на Република Македонија, се уште преставува период во кој се одвиваат трансформационите движења во општеството, од општествена и приватна сопственост, што резултира со многу брзи, по многу нешто необични, не соодветни и не стручни промени, кои го обремениja севкупниот живот на човекот со многу проблеми. Дел од тие проблеми ја зафатија и највиталната сфера, а тоа е сообраќајот, транспортот и врските, без кои нема опстанок без правилен развиток на сообраќајот и транспортот, не е можно да се замисли развојот на било која сфера од стопанството и целокупниот живот воопшто.

Затоа, е потребно во Министерството за сообраќај и врски да се направат длабоки и радикални промени во насока на терминирање и дефинирање на одредени надлежности и компетенции, се со цел да се доведе Министерството за сообраќај и врски во ситуација да биде способно да ги следи, да ги анализира и да се носи со проблемите од областа на сообраќајот, транспортот и врските на ниво на Република Македонија.

Сегашната организациона поставеност на Министерството за сообраќај и врски ни од далеку не преставува соодветен орган за следење, анализирање и

решавање на секојдневните проблеми од областа на сообраќајот и транспортот, како и во урбаните, така и надвор од урбаните средини. Проблемите од сообраќајот не само што се присутни, туку во се поголема мера тие секојдневно се зголемуваат и се повеќе го притискаат нашиот граѓанин и на тој начин му го загрозуваат современиот начин на животот.

Министерството за сообраќај и врски во моментот преставува дисперзиран владин орган во поглед на надлежностите, компетенциите на органите и институциите за решавање и надминување на проблемите од областа на сообраќајот, транспортот и врските. Сведоци сме денес дека проблемите од областа на сообраќајот, транспортот и врските заземаат се поголем размер во насока на секојдневното отежнување на човековата комуникација и живот воопшто, само затоа што надлежното министерство од нашата Влада организационо не кореспондира со реалните секојдневни потреби на граѓаните и фактичката несоодветна сообраќајна состојба во Република Македонија.

Денес се судираме со нарушени или не дефинирани стандарди, норми и надлежности со нејасно дефинирана референца со сообраќајната легислатива во делот на сообраќајното планирање и проектирање, и изградба и надградба на Република Македонија. Законски не јасно дефинирани норми и надлежности ...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се извинувам господине Тодоров, не е на дневен ред денеска Министерството, туку Законот.

Тоа што сте го напишале и што го читате, тоа можете да го кажете кога ќе зборуваме за работата на Министерството.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Сакам да појаснам дека имаме други проблеми од областа на сообраќајот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Едно време се движевте тука, сега некако извадивте текст за читање.

Дајте вратете се на самиот текст на законот.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Како што реков, со член 53, каде што се развластува инспекцијата, предложениот Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за телекомуникации, е директно во спротивност со член 53 од Законот за изменување и дополнување, каде што инспекторот исклучиво има право да му предложи на директорот на Дирекцијата за телекомуникации, за оние активности кои што се дадени со Законот. Значи, ако ваков предлог се дава, тогаш би требало да се измени членот 53 од Законот, кој што го менува членот 83 од основниот закон.

Јас во оваа прилика предлагам Владата да го повлече овој Закон, добро да се проанализира Законот за телекомуникации, основниот и измената, да се усогласат меѓусебе, за да нема контрадикторности на одредени членови во законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ѓорѓи Тодоров за учество во расправата.

Збор има господинот пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, бев во голема дилема дали да се вклучам во расправа, затоа што навистина имаше доста конструктивни дискусии и беа навистина понудени доста про и контра аргументи на понудениот Предлог за измени и дополнувања на Законот за дифузија.

Меѓутоа, директно бев поттикнат од учеството во расправата на министерот за сообраќај и врски и патем *ќе* се произнесам и во однос на содржината на Законот и мојот став по однос на истиот.

Изгледа останува перманентна девиза на оваа Влада и на одделни членови, од кои најмалку очекувам вакви настапи, да се послужат со девизата "нападот е најдобра одбрана". Не знам по кој пат министерот за сообраќај и при јавни настапи во Собранието и во комуникација со средствата за јавно информирање, тврди дека тој кога доаѓа на чело на овој ресор затекол хаотична состојба.

Навистина на почетокот сакавме да му поверуваме и очекувавме дека тој хаос тој ќе го сведи на некој ред и дека денес ќе имаме многу поинаква состојба. Напротив, еве му истекува и втората година на неговиот мандат и состојбите не се подобруваат, туку напротив се влошуваат.

Да го потсетам министерот, дека за еден релативно краток период од четири години, се создаде ова министерство на чие

чело е тој денес. Беше изменет Законот за органите на управата, со што беше создадено ова министерство. Се конституира истото и беа донесени соодветните акти за описот на работните места, систематизација на работните места, опис на надлежностите и на утврдување на се она што е надлежност на ресорното министерство...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Зибери, сакам да Ви обрнам внимание, ќе ве молам, немојте сега, имате предметна расправа, пред малку го опоменав господинот Ѓорѓи Тодоров.

На 5-ти дојдете, па Министерството анализирајте го секако.

Ако можете да дадете прилог во поглед на оваа расправа, можете, ако не немојте да користите нешто за да можете да си кажете се што Ви лежи на срце. Не е работата во тоа сега.

Имате закон, дајте прилог во однос на законот, а не сега да го анализираме министерството од почеток па до крај.

Па не е во прашање министерството, ниту органите на управата.

И тие ќе дојдат наскоро можеби на дневен ред.

Сега имаме конкретно прашање.

Вака крај немаме на расправата.

Ве молам, држете се за точката на дневниот ред.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, Вие не бевте тука за да го следите настапот на министерот за сообраќај и врски и од него сум поттикнат и ако сакате ќе го земеме стенограмот да видите што точно тој кажал. Тоа е прво.

Второ, предлагач на овој акт е токму Министерството за сообраќај и врски и господинот Боби Спирковски.

Ве молам не ме прекинувајте, ова ми е увертира на она што сакам да го кажам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Увертирата Ви е многу долга.

Немојте толку долги увертири да правите, бидете по кратки и по конкретни.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ако некој претендира да дава лесно оценки за пратениците, тогаш си земам за право јас за актуелниот да зборувам.

Значи во овој релативно краток период, освен ова што го изнесов пред да ме прекинете, беа конституирани и соодветните програми во состав на Министерството и самостојните органи, како што сте Дирекцијата за контрола на цивилната пловидба, надлежните инспекциски служби и самостојните органи, како што е Советот за радиодифузија и останатите органи. Во исто време во овој период беа донесени законите кои се стоп за функционирањето и надлежностите на ова Министерство, како што е Законот за радиодифузија, Законот за телекомуникација, Законот за МРТВ, Законот за ПТТ и многу други акти. Оттука и моето прашање.

Што направи актуелниот министер во овој период, од кога е тој на чело на овој ресор и да ги воспостави во правилен колосек хаотичните состојби кој што тој ги најде.

Тој направи на чело на еден од органите, кој патем е самостоен, но во надлежност на ова Министерство, го донесе човекот кој му должи милион германски марки на чело на истиот орган. Но, тоа е друго прашање.

Што се однесува до конкретниот акт, сакам да го потврдам мојот став дека го делам мислењето со сите пратеници, кои бараат предлагачот на законот да го повлече истиот како беспредметен, односно како акт кој регулира материја која веќе е регулирана соодветно со овој закон.

Иако одделни пратеници во одбрана на овој акт тврдат дека не им е јасно, зошто толку расправа се води, за измени кои се сведуваат се на се на еден член со две точки, јас сакам да ги уверам господата дека навистина содржината на измените е многу кратка, но таа е многу битна и многу значајна и таа радикално ги менува состојбите во областа на радио – телекомуникациите, од причина што дава надлежност на еден орган која не му прилега согласно правниот систем на Република Македонија. Надлежноста што се сака да се даде на инспекциските служби, несомнено е надлежност на судските органи.

Не сакам да ги повторувам констатациите и упатените забелешки на пратеникот Иловски, кој точно ги лоцира надлежностите на соодветните закони и органи кои се должни освен надлежноста на инспекциските органи, согласно членот 83 од овој закон, Законот за авторските права, Законот за прекршоци и т.н. Тоа е

апсолутно полн капацитет на регулирање на ова прашање. Тоа е едно.

Второ, содржината на членот 83 апсолутно ги става во законски ранг сите противзаконски дејанија, кои можат да произлезат од обидите или вршењето на оваа дејност надвор од законот, односно беспотребно добиена концесија и дозвола за работа.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (Продолжение)

Трето, сметам дека ќе беше многу по корисно, заедно со образложението на текстот на законот, да ни се понудеше фактографија на состојбите, за да се убедат пратениците дека министерот, односно Владата е во право, кога посегнува по една ваква мерка.

Ние напротив, добиваме едно второ образложение, дури не компатибилно со правниот систем на Република Македонија. Ниту добиваме податоци за тоа, колку моментално правни лица вршат ваква дејност во Република Македонија, колку од нив, немаат добиено концесија, колку од нив имаат добиено концесија, но немаат добиено дозвола за работа. Колку пати соодветната инспекција има превземено мерки и кој се резултатите од тие превземени мерки. Колку од тие превземени мерки завршиле со пријави во надлежните судови и која е постапката пред судот, односно кој ја извадил пред надлежниот суд и многу други дилеми и т.н., многу прашања кои пратениците ги имаат пред себе во моментот кога расправаат, односно кога треба да се изјаснуваат во однос на овој закон.

На крајот да завршам, би било комично, но не и трагично, да се чуе од потпретседател на Собрание изјава дека, со зголемувањето на надлежностите на постојниот орган, всушност, ништо не се менува, затоа што и така тој орган има надлежности, па сега можат и други да му се додаваат. По таа логика, можеме слободно да пишуваме во законот дека телекомуникациската инспекција, може дури и да осудува лица, да. ги лиши од слобода и нема ништо суштински да менува, тој орган има и така надлежности.

Оттука, сакам да заклучам, не смее во никој случај управната постапка и органите на управа, вклучувајќи ја тука и инспекцијата, да попримат надлежности, кои се исклучително од друг домен и од друг орган. Во спротивно, ќе се открие дека намерите на предлагачот, не се чесни. И оттука, повторувам барем во име на пратеничката група на ПДП, сите намери, напори и тенденции, со обид да се докаже, беспредметноста на содржината на овие измени и штетата што може да и се нанесе на оваа дејност, да се препишува како обид, да се продолжува хаосот во оваа дејност и во етерот во целина.

Напротив сме поборници да се воспостави ред и мир, но не со прости законски дејствија, кои очигледно ќе дојдат дури и пред надлежниот Уставен суд, кој може да ја оценува законитоста на содржината на одредени мерки. Тоа е едно.

Второ, доколку се сака да ни се препишува ваква тенденција, тогаш со право ние ќе ја покренеме обратната тенденција, односно размислување.

Дали со ова всушност, не сака да се воведе една дисциплина, кај сите непослушни радио и ТВ станици, кои не се по мерка на актуелната власт.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Насер Зибери.

За реплика се јавува г. Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Бидејќи јас опширно се произнесов околу овој предлог за донесување на закон, ќе му реплицирам на г. потпретседател.

Имено, мене сосема не ми е јасно, како може човек да не ги прочита клучните закони, како што е Законот за телекомуникација и Законот за радиодифузна дејност, а да дискутира, и уште повеќе да е правник. Сега ќе бегаме од политичката квалификација, намерно ќе бегаме и да сакаме да бегаме, само да се придржуваме кон правниот сегмент. Никому не му е јасно, како сопственоста која е света категорија, не прикосновена, уставна категорија, може толку лесно да се одземе од државен орган, кој има политички легитимитет. Тоа може да се направи, само со закон, и тоа во строго пропишана процедура. Само кај опасните општествени дела, може да се одземе предмет, кој претставува сопственост, ако е целта да се спречи, да се повтори едно опасно дело, и тоа исто така, до постапката пред судот.

Повеќето такви дела се кривични дела, а јавното емитување без оглед на тоа, дали има дозвола за емитување, односно дали има документација, не е кривично дело. Според нашите закони, тоа е

така. Лошо е ако се настојува да се суспендира судството. Ваквата формулација, очигледно, намерата е, да се суспендира судството и секој правник тоа го има на знаење. Тоа води кон тоталитаризам и не случајно, во дискусијата кога се јавив пред малку кажав дека имиџот на државата е во прашање, ако донесување ваков закон.

Значи секому му е јасно дека, ова што ни се појавува како диво како емитување, или користење со телекомуникации, или радиодифузна дејност, не е поради вакумот што е во законот, или ако не поседува доволни рамки да го покрие тоа.

Едноставно, затоа што човекот си има некоја поддршка од власта. Зошто власта да бара да се смени законот, кога сама ја толерира таквата дејност. Ако е така, а сигурен сум дека е така, секој има право да се запраша, има право дури и да се сомнева, зошто донесуваме таков закон.

Според мене, целта е да се стави ред во етерот, како што некој од претходните дискутанти кажаа, затоа што кога власта, тоа би го посакувала, тоа е можно за 24 часа. Туку едноставно не сакаат да се плашат не тие што на диво емитуваат и го користат етерот, туку другите, кои имаат концесија. Концесијата е релативна работа, не се плаќа секоја година, односно власта склучува секоја година концесија со корисниците. И замислете, секоја ситница, може да му го ускрати правото на корисникот, да се користи и понатаму со радиодифузната дејност.

Значи целта е покорност и послушност на медиумите. Ајде да бидеме фер, ако сакаме толку многу ред да поставиме во општеството. Ние знаеме дека корупцијата ни цвета. Толку време бараме да се донесува Закон за корупција. Зошто тука Владата не е експедитивна.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За реплика се јавува г. потпретседател Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не сакам повеќе да се спорам со колегата, дали сум читал или не, само сакам да прочитам што се нуди. Да направиме разлика од завршена работа и меѓу чекори.

Овде во законот се вели дека привремено се одземаат, а не се конфискуваат средствата.

Ако колегата има проблем со конфискација или со привремено одземање, тоа е негов проблем. Јас не сакам повеќе да го подучуваат.

Понатаму, секое право кое се користи, има времетраење. Сам кажува дека концесијата трае една година. Со протек на годината, натаму престануваат сите стечајни права, бидејќи тие не се стечајни, се ограничени, до време на траење на договорот. Јас не знам, што треба да биде тоа ситно што може некој да го користи, а да не склучи друг договор. Понатаму кога се тврди дека средствата, односно сопственоста е светиња.

Ако сопственоста е светиња, дали ако некој дојде со оружје и направи скандал и потепа се живо, ќе се повика на теоријата, ова е моја светиња, сопственост на мене и никој не може да ми ја одземе. Затоа што е мое, никој тоа право го нема, освен со моја дозвола. Ако е така, навистина, јас ќе се повлечам од тврдењето дека нема институт, злоупотреба на сопственоста, нема институт злоупотреба на право. А кога се зборува за злоупотреба на тие два дела, тогаш е против правност.

Зарем колегата, сакаше да ме убеди мене, дека против правноста е сила на оваа држава. Ако тој се научил да живее во сфера на против правност, и така да се однесува тогаш мојата дискусија навистина е беспредметна. Не му замерувам, што не можам на по едноставен начин да му ја сменам навиката на живот. Ако се плаши од ред во државата и од закон, тогаш го прашувам, како ќе крене рака овде, да гласа за законот. Ниеден закон, не предвидува беззаконие.

Во овој случај, повторно ќе се вратам на првата реченица: не сум го читал законот. Ќе сакам да направам поблиска врска, со она што се предлага и она што се изменува. Вели, текст на одредбите на Законот за телекомуникациите, што се менува и дополнува, член 83. Зборува во предлогот дека по точка 10, инспекторот кој имал право, да чини одредени дејствија, му се додаваат и овие.

Значи, не се пропишува ништо друго, освен што му се даваат овластувања, кои се практични и по прагматични и по сигурни, законот да добие содржина во неговото спроведување. Ако некој, после повеќе опомени, не сака да се повинува на словото на законот, значи да се примени и средство по ригорозно. Точно е дека ова се однесува на средство, а не на примена. Во тој случај, привремено ќе му се одземе, а нема да му

се конфискува.

Затоа велиме дека ова има смисла, за содржина на законот да се применува и да се создаде ред, во сферата за која се однесува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За реплика се јавува г. Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Ќе кажам само една реченица, за да не ги заморувам другите.

Било што да кажеме ние тука, можеме да си го покриеме тука тоа што го кажуваме, за да изгледа пред јавноста уверливо.

Меѓутоа, во ниедна цивилизирана држава нема таква одредба, со која се суспендира судството.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јавува г-цата пратеник Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, чинам дека и предлагачот на овој закон, односно предлог измени на законот и дел од пратениците на парламентарното мнозинство, ни го наметнуваат единствениот избор, како што тие велат, помеѓу ред и хаос.

Ќе дозволите да го изразам моето лично мислење, дека сепак не се работи за област, која што е така едноставна и која што нуди шанса, овој избор да биде или да не биде, да биде толку единствен.

Имено, доколку го анализирате радиодифузниот амбиент во Република Македонија, точно ќе видите дека многу работи не функционираат и точно е дека во одредени ситуации се јавува проблем, дури од страна на власта, меѓутоа, се јавува проблем дури и од страна на сопствениците на овие претпријатија. Се јавува проблем поради не добра дефинираност на некои работи, меѓутоа делумно и поради наша ненавикнатост да живееме во таков амбиент и точно е дека оваа сфера и тие прашања треба дополнително да се прецизираат.

Меѓутоа, ако го погледнете овој дел од нашето општествено живеење, првата забелешка, односно првиот заклучок што ќе го изведете, нема да биде дека се работи за хаос, туку првиот заклучок, или првата негова карактеристика ќе биде дека се работи за една навистина, плурална атмосфера и плурален амбиент, кој што не дошол од никаде, кој што е создаден и кој што е создаден делумно, поради одредена толерантност, од страна на оние, кои што ја регулираат таа област.

Имено, доколку претходните Влади во Република Македонија одлучуваа, навистина да инсистираат на принципот на ред, дефиниран со законот, на кој што секој се придржува и секое не придржување значи одредена ваква реакција на службениците во власта, тогаш денеска можеби ќе имавме ред во Македонската радиодифузија, меѓутоа ќе имавме една единствена радиодифузна куќа, наречена Македонска радио-телевизија. Наместо тоа денеска имаме над 200 или не знам колку локални и национални ТВ станици, кои што функционираат, онака како функционираат, меѓутоа, што постојано бележат развој во своето однесување и во својата техничка подготвеност и во својот целосен перформанс.

Токму заради тоа, за среќа таа Влада, не инсистирала на целосна регулација, која што би ја загушила иницијативноста во оваа сфера и покажува дека единствениот вистински пристап, во регулирање на областа во медиумите, во ова карактеристично прашање, е да се биде внимателен.

Токму поради тоа, мислам дека и Владата и министерот и пратениците во Собранието, треба да го прифатат тој принцип и така да ги анализираат овие предложени измени во Законот.

Првата точка, која што стои во овој текст на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за телекомуникациите, е точката, која што се нарекува причини, поради кои се донесува законот.

Доколку ги прочитате овие два пасоса, јас ги читам неколку пати, ќе заклучите дека единствена причина, која што е наведена во овој текст, е дека законот треба да послужи, цитирам за создавање услови, за по ефикасно делување на инспекциските органи, при вршењето на нивниот надзор. И понатаму, со оглед дека ваквиот начин на спречување, на натамошното нелегално работење на телекомуникациските услуги, односно емитување на радио и телевизиски програми, досега се покажа, како не ефикасно, без разлика кој го вршел, тоа ја наметнува потребата од предвидување на решение, на кое инспекторите, во постапка предвидена со закон, ќе можат да најдат решение и ќе

можат да наредат привремено одземање на телекомуникациските средства.

Во своето излагање, министерот кажа, со право и коректно беше од негова страна, дека смета дека оваа причина не е во ред. Меѓутоа, останува друг проблем. Доколку оваа причина не е во ред, а таа е единствената наведена во овој Предлог-закон, тогаш не ни останува ниту една причина, поради која што би го донеле овој закон, барем не пишано. Велам, не останува ниедна причина, која што е пишана во овој текст, меѓутоа останаа многу, кои што висат во воздухот, кои што често пати ги повторуваме и во Собранието, меѓутоа кои често пати се слушаат и во јавноста. Тие причини може да се систематизираат во два дела.

Првата, дека власта, односно Владата, сака да го лимитира независниот медиумски простор со ваквиот закон, од една страна, и дополнително, дека сака да влијае врз сите оние медиуми, што ќе продолжат да егзистираат, самите тие да си ги лимитираат своите програми, своите концепции, своите коментари, кои многу често не одат во полза на власта.

Некои од пратениците спомна дека треба да ги гледаме само фактите, а да не ја делиме политичката позадина. Мора да кажам дека апсолутно не се согласувам со ваквиот став, заради тоа што во ваков случај, не ви требаат дури ни очила, доколку ви се потребни во реалниот живот, за да видите што е позадината на ваквиот закон. Така што медиумите, кои што секогаш претставуваат политичка тема, парекселанс и кои што секогаш имаат политичка позадина, мора заради тоа да се разгледуваат, не само како бројки не само како дополненија на одредени членови, туку како членови и измени, кои што ќе имаат реално влијание, директно врз медиумите, врз нивната слобода, нивната плуралност, нивната ефикасност.

Дополнително мислам, дека сите пратеници, при разгледување на сите закони, мора предвид да земаат било какви закони. Без разлика дали тие се позитивни или негативни, без разлика дали власта е свесна или несвесна за тие позадини, бидејќи таа позадина ќе ги диктира сите консеквенци на ваквиот законски акт. Точно е дека во случајов, политичката позадина, која што ја разгледуваме и која што ја коментираме, значи дека законот го гледаме низ призма на можни злоупотреби на власта. Тука тоа го кажувам јас јавно, јасно и гласно. Некој ќе рече дека ваквиот став кога се менуваат само два члена, но два члена што многу значат, или практично еден, точно е дека тоа значи некаква параноја, од страна на опозиционите партии, или опозициони пратеници.

Јас ќе кажам, со целиот ризик, мислам дека паранојата е многу нормална, многу природна и многу очекувана и многу логична. Имено, кога живеете во држава, во која што власта при една од своите први активности изврши смена на речиси сите директори на локални медиуми, значи медиуми каде што нема ингеренции тоа да го прави. Кога имате ситуација дека на ваквиот акт, следат потоа упади во независни медиуми, напади врз новинари, отстранување и повикување на новинари, на службени разговори во МВР, кога следат речиси, секојдневни закани врз личноста на новинарот, или врз целиот колектив, односно медиум заедно, тогаш не ни останува ништо друго, освен да се плашите, заради лошите намери на власта и да ја гледате политичката позадина, дури еве и во вакви измени.

Имено, доколку тоа не го правите, ќе избегнете да водите сметка, како ќе се лимитира партиското влијание, или владиното влијание, во тоа, кој ќе потпише, а кој нема да потпише договори. Значи, на страна ги тргам правата наречени концесија, туку она што тековно, како што спомна претходно еден од пратениците, она што секоја година сопствениците на овие медиуми ќе треба да го прават. Како ќе се лимитира влијанието на власта во овој процес, како ќе се оневозможи тие да вршат директен притисок врз овие медиуми, со не потпишување или тактизирање во пишувањето.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (Продолжение)

Како да се објасни фактот дека власта практицира целосно, целосно затворен процес на финансирање или помагање, асистирање на финансиите на медиумите? Па ќе дочекате во весници да ги добиете мислењето или писмото од вработените во Министерството за информации, кои самите протестираат заради тоа што процесот за одлучување кои медиуми ќе ги добијат овие финансии што ги дава државата и ним не им бил познат. И тие не учествувале во него, иако учествувале во формирањето на критериумите на тоа доделување.

Беше спомнато дека, дури овој закон ќе понуди заштита на сите оние кои платиле концесии, кои имаат добиено концесии, кои

имаат потпишано договори од сите оние кои работат на диво. Оваа цел е не само благородна? туку од аспект на пазарна економија, многу потребна. Меѓутоа, доколку, навистина, ни е на срце и од интерес улогата, местото, позицијата, доброто работење на овие медиуми, тогаш како да се објасни фактот дека Советот за радиодифузија, кој што со една од своите ставки помага независни продукции, што по правило се наоѓаат во некои од овие приватни медиуми, тоа одбива да го направи, одолговлечува со исплатата на средствата, ја условува исплатата на средствата и т.н., влијаејќи, по се изгледа или обидувајќи се да влијае врз уредувачката политика на овие медиуми.

Е сега, како сево оваа целата оваа параноја да не ми беше доволна, како сите овие, според мене, крајно погрешни потези на власта во сферата на медиумите како да не беа доволни, па сега, во последниве неколку недели се најавува донесување на тој фантомски Закон за јавно информирање, што министерот за информирање неколку пати вели, за кој вели дека не постои, меѓутоа денеска беше коментиран и затоа и јас си земам за право да го спомнам.

Сега, веќе истите тие пратеници што денеска ги бранат овие измени, претпоставувам кога тој закон ќе дојде на дневен ред, ќе речат дека и за тоа постои причина. Дека таа причина се нарекува спречување на новинарите да шират дезинформации и да ја доведуваат јавноста во заблуда.

Меѓутоа, доколку сакаме во оваа држава да престанеме до дезинформации, доколку сакаме да престанеме со шпекулации и доколку тоа власта и Владата сака тоа да го направи јас и препорачувам најпрво нека започне од сопствениот двор.

Инаку, како да се коментираат прес конференциите на неколку министри во оваа денешна Влада и како да се коментираат прес конференциите на Анкетната комисија, на некои пратеници овде кои, директно во своите излагања напаѓаа, дезинформираа, обвинуваа некои други луѓе, некои луѓе за кои денеска нема ниту судска постапка, ниту судска пресуда, а денеска веќе така лагодно заборавиле на сите свои закани, на сите свои обвинувања. Значи, доколку министрите во Владата тоа така лагодно и така лесно можеа да го оправат, јас не знам кој им го дава сега ним моралното, пред се право да очекуваат новинарите да внимаваат што ќе пласираат или да внимаваат какви информации ќе дадат во своите медиуми.

Притоа, сакам да дадам една ограда дека, за разлика од овие изјави, за разлика од овие прес конференции што ги водеа луѓе кои можат сето тоа да го аргументираат и кои ги имаат сите тие информации, новинарите не гледам дека ја имаат истата обврска или истата одговорност.

Значи, да заклучам, ако ја гледаме целава измена што е во преден план и целата позадина што ја образлагаа многу пратеници и јас делумно, ако го разгледуваме и анализираме досегашното однесување на власта, кое што и без вакви овластувања се одлучи на директни упади влијанија и притисоци, напади на независните медиуми, дел со закани, дел дури со, како што беше спомнато директно гасење на електрична енергија, ќе заклучиме дека со ваквите предлог измени, Владата ќе ја постигне својата цел.

Со сите овие закони, со сите овие измени, со ваквите измени ќе имаме навистина целосен ред во сферата на медиумите на Република Македонија, целосен ред, претпоставувам во целата радиодифузија. Меѓутоа, тој целосен ред, за жал, господо пратеници, ќе значи и апсолутна тишина во медиумите. Ако тоа е целта, ако тоа е намерата, повелете гласајте го законот, меѓутоа јас искрено се надевам дека ќе постои критична маса во Собранието, што нема да дозволи да се започне со вакви преседани. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на госпоѓицата Радмила Шеќеринска за учество во расправата.

Господинот пратеник Данило Глигоровски, побара збор за реплика.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, оваа реплика е на последниот дискутант, меѓутоа, ќе започнам со реченицата од која што пријатно бев изненаден од колегата Алити, кој баш сакам да го цитирам, кажа - мајстори сме од секој закон, во секој закон да најдеме политичка позадина. Навистина, тоа мајсторство излегува на виделина и денеска. Со таква жестина да се брани дивото работење на одредени медиуми што зрачат, значи диво што зрачат, е прилично индикативно. Тоа е првата работа на која сакам да реплицирам.

Втората работа е дека не знам колку е достоен овој Парламент постојано да настапуваме со некакво карикирање, доколку минатата Влада толку добро си го спроведуваше законот, во овој момент ќе имавме само Македонска радио- телевизија,

друго немаше ништо друго да имаме. И, добро било што минатата Влада не го спроведувала законот.

Мислам дека лошо си правите и за сопствениот маркетинг ако кажувате колку добро било што минатата Влада не го спроведувала законот. Всушност, денеска сме сведоци на флагрантна промоција на беззакониeто. Да се каже дека претходната Влада добро направила што не го почитувала законот, тоа е, буквално, флагрантна промоција на беззаконие. Сега, не знам што треба повеќе ако некој не платил, ние да му дозволуваме да зрачи. Еве, за таа работа, само уште едно упатство или сугестија. Нека господата од опозицијата се состанат со директорите на електронските медиуми што имаат добри контакти со вас, што имате поголемо влијание врз нив и си ја платиле концесијата, соберете се со нив и дискутирајте со нив и слушнете го нивното мислење, дали тие се среќни во ситуација некој нелојално да и конкурира? Значи, самите директори, самите медиуми на кои вие имате поголемо влијание и кои ја платиле концесијата. Слушнете го нивното мислење и ќе видите каква работа денес браните, какво беззаконите браните. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има госпоѓицата пратеник Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Само би сакала да го изразам моето жалење дека пратеникот, очигледно, не не слушал добро или не сакал да не слуша, или не сакал да ме разбере, да го разбере она што јас го кажувам или она што јас го предлагам.

Затоа, ќе кажам само неколку работи. Овде не беше бранeто, без разлика дали со жестина или без жестина, тоа други ќе проценуваат, дивото работење. Јас ќе се обидам да цитирам дека нешто што од прилика кажав, а тоа е дека треба да се влијае на внесување поголем ред во оваа сфера. Меѓутоа, вистинскиот пристап вели тоа да го правиме внимателно. Тоа значи дека нема решението да го најдете во тоа, што ќе влегувате и ќе одземате, било да се тоа инспектори или било кој и ќе одземете опрема, заради тоа што некој може утре некој друг да ја отвори и повторно да имате ист проблем и цело време, всушност, да мислиме дека решението ќе го најдеме во упати и директно присуство на оние кои сега добиваат ново овластување.

Втората работа што, не само што не се совпаѓа со тоа што јас го кажував, туку не се совпаѓа со вистината и не се совпаѓа со историјата. СДСМ немал само потреба или не можел да спроведува еден или не спроведува еден ваков закон, заради тоа што еден долг период оваа област не беше регулирана. И тоа беше проблемот. Меѓутоа, истовремено и отворената можност за голем број медиуми да започна со работа. Инаку, доколку на пример, постоеше решеност на почетокот на мандатот да се започне со регулирање на областа, регулирање што ќе значи високи технички услови, високи професионални услови, немаш да има простор, време, можност и финансии медиумите да раснат полека, да почнат, можеби од некоја локална станица, да почнат со минимум опрема, да почнат со еден - двајца новинари, некогаш професионални, некогаш не професионални, меѓутоа полека но сигурно да влегуваат во респектабилни медиуми. Заради тоа што не можете да очекувате во Република Македонија нагло да се јави некој кој ќе биде доволно влијателен и финансиски обезбеден да формира медиум, што ќе задоволи странски, европски или било какви стандарди. Тука се состоеше таа чувствителност или таа внимателност на претходната Влада, а не во не почитување на законот, бидејќи таков закон не постоеше, односно постоеше стар, од претходна држава што не се однесуваше на она што денеска и тогаш го имавме.

На крајот на краиштата, мислам дека и оваа сугестија да разговараме со оние среќници што, нели имаат концесии, кои имаат договори, кои се плашат заради нелојалната и страдаат заради нелојалната конкуренција, се согласувам дека нелојалната конкуренција е нешто што ги уништува ваквите претпријатија. Меѓутоа, тука треба да имате две работи на ум:

Прва работа е дека и покрај тоа што во моментов се среќаваат со такво проблем, ваквиот закон и ваквата пракса на власта, не им дава за сигурно да веруваат дека во текот на некој од наредните години, нема тие да се најдат во таа група. Во група на оние кои имаат концесии, но од икс причини се уште не го потпишале договорот.

Јас мислам дека, верувам дека и тие самите се свесни за ризикот во кој што ќе се влезе, доколку се прифатат ваквите одредби на законот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме понатаму.

Само, ќе ве молам господа пртеници, мислам да правиме една дистинкција.

Не говориме овде за средствата за јавно информирање.

Често пати се мешаат средствата за јавно информирање, што е веќе друго прашање.

Овде говориме за одредени емитувачи, што незаконито или недоволно законите постапуваат. Во тој дух да дискутираме.

Сродни се, блиски тие две дејности и начин на пренесување на дејноста, што е во прашање и затоа се мешаат.

Но, ако можеме да ги разграничиме.

Инаку би отишле во друга крајност и би немало крај на расправата.

Гледам дека многу се инспирира, постојано еден од друг и тешко ќе можеме да ја приведеме оваа општа, начелна расправа по ова прашање.

Но, добро. ќе одиме додека можеме да одиме и до кога ќе имаме енергија и сила да се слушаме.

Збор има господинот пратеник Рубенс Наумовски.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Јас долго време слушам, слушам што треба и што не треба, па решив да се вклучам и јас малку во дискусијата.

Да речам изненадем сум, не сум изненаден во упорноста и истрајноста еден обид што се прави со оваа измена на Законот за телекомуникации, обид да се воспостави тој ред и да се елиминира нелојалната конкуренција, меѓу другото, на ова поле, еден таков обид со толкава истрајност и упорност да се окарактеризира како нешто спротивно на основната цел, односно да се окарактеризира како обид за стеснување на демократијата во јавното информирање и како можност за елиминирање на, евентуално не подобните или не пожелните сопственици на програми на радијата и телевизиите, навистина е сепак изненадувачко.

Овде имаме толку едноставна работа, толку едноставна цел и многу јасен е обидот со оваа измена на законот. Толку едноставно што е потребно да се воспостави тој ред, да се елиминира секое диво користење на просторот, на етерот, диво користење односно нелојална конкуренција преку не регулирање на некои права и имаме мешање на поимите програмско уредување, исполнување услови за поседување концесија, користење на концесијата со недозволено емитување на програма.

Понатаму, не прикосновеното право на сопственост. Ќе потенцирам уште еднаш, бидејќи беше кажано дека има различни видови на сопственост и поседување на најразлични предмети, орудија, техники и т.н., беше кажано во ловот, ловењето се санкционира, односно недозволеното ловење се санкционира на лице место со земање на оружје.

Овде, министерот кажа пример дека е наивно толкувањето дека бесправно користење и емитување на програма е не толку опасна работа или без малку романтична работа, наивна работа.

Одземањето на оружје е исто така корисно како што е одземањето техника. По малку наопаку се поставија работите. Ајде, да видиме, другите за цело време дискутираа почнувајќи од инспекторијатот и одземањето на техниката, ајде да почнеме од корисникот на техниката, односно бесправното користење на техниката. Тој кој е корисник на таа техника и бесправно ја користи, имајќи го предвид овој закон и овие измени што децидно укажуваат на тоа дека, доколку бесправно се користи таа техника и просторот, во случај на откривање од инспекциските служби ќе му биде одземена техниката и се што значи можност да се емитува понатаму програмата бесправно. Зошто тогаш тој корисник на таа техника би влегол и со каков ризик би влегол? Ако влезе со ризик тоа е негов сопствен ризик, тој го презема, одговорноста е негова, лична, за евентуалното земање на техниката.

Како и да е, овде е очигледно настојувањето на некој начин барем до некоја фаза да се овозможи бесправно користење на техниката и емитување на програмата. Која е таа фаза? Тоа е до откривањето на бесправното користење, па понатаму некој судски процес и т.н. Овде имаме јасни правила на игра. Без право на концесија нема емитување. Ако емитуваш програма без да го поседуваш тоа право, ако условите на поседување концесија не ги исполнуваш, а тие услови за концесија или програмските уредувања на програмите е друга работа, без тоа право ти се одзема техниката. Ако ги имаме тие правила на игра јасно поставени, тогаш не гледам зошто до таа мерка и со таква жестина, како што кажа некој претходно, заштитување на прекршителите. Очигледно и јас ќе потенцирам дека, од една законска регулатива, што толку очигледно сака да воспостави некој ред, да се окарактеризира како крајно тенденциозна политичка некоја програма што ќе има за цел да се пресметува или да ја сузбива демократијата во јавното информирање е, навистина, не принципиелно, бидејќи беше кажано ова не е толку важно само за оние кои ја немаат

концесијата, кои немаат право, туку било со тенденција да се предупредат опозиционите медиуми да внимаваат малку што ќе емитуваат на тие програми, бидејќи со овој закон позицијата со своите инспектори има право да им ги одземе техниките на лице место. Тоа е друго прашање.

Се знаат правилата на игра во кои случаи престанува правото на концесија, во кои случаи се добива правото на концесија и т.н. Овде имаме јасен случај, немаме концесија, не смееме да емитуваме програма и да ја користиме таа техника за емитување на програма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Рубенс Наумовски.

За збор се јави г-динот пратеник Абдуладри Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Владата, јас мислам дека подобро е денеска после целата оваа дискусија и по образложението што го слушнавме од г-динот министер, мислам дека оваа точка треба да се симне од дневниот ред, а зошто треба да се симне од дневниот ред доволен е фактот што го кажа и министерот дека причините кои се наведени во законот, тој не се согласува со тие причини и не го читал законот.

Јас мислам дека треба добро да го чита законот, па на една од наредните седници да го ставиме на дневен ред. Се сомневам да не го подметнат некои кај министерот овој закон, иако е претставник на овој Предлог закон за измена и дополнување. А колку има политика во целата оваа работа и во ресорното министерство, јас не сакам сега да го злоупотребувам ова време, јас ќе бидам послушен спрема претседателот на Собранието и тоа ќе го кажеме на 5 кога ќе имаме пратенички прашања.

Што се однесува до тоа дека не владее беззаконие во етерот во целина во Република Македонија, јас мислам дека јас како пратеник и нашата пратеничка група, па и сите пратеници во Собранието нема да се согласат со тоа да има едно беззаконие. Меѓутоа ние не сме ни за хаос, тоа што го кажа министерот дека кога дошол, тој Министерството го нашол во еден хаос. А јас Ви гарантирам дека денеска е во еден тотален хаос. Ние како ќе се справиме со сето тоа што ќе биде на терен, тоа што кажа и претходниот пратеник координаторот на нашата пратеничка група, дека ние немаме една фактографија колку има концесии, колку има договор за концесија и т.н., колку плаќаат, колку не плаќаат концесии.

Па според тоа може да излезе колку концесии се дадени, не ја знам точната бројка и може да биде над 50%, или 60% да не плаќаат концесии, или да немаат договор за концесии и т.н. Па што ќе правиме *со* сите тие преземени предмети од страна на тие радиодифузни, или тие што обавуваат радиодифузните друштва. Нас ќе ни требаат полно камиони за да ги товариме тие радио станици, а можеби во овој момент немаме многу камиони, дека сите се зафатени за Косово. Јас мислам дека овој Предлог за измена и дополнување на Законот за телекомуникации не е предложен во адекватно време, посебно во време кога сме веќе пред локалните избори. А тоа дека е спротивно на Уставот покажаа многу пратеници и го докажаа тоа со членот на Уставот дека, приватноста е неприкосновена и т.н., во тоа јас нема да навлегувам, меѓутоа јас би поставил едно прашање не само до министерот, меѓутоа до целата Влада. Ако има повеќе такви субјекти кои немаат концесии, или склучен договор за концесии, или потребна дозвола и т.н. како што одат тие по ред, јас мислам ако бројката е малку поголема и се повеќе субјекти, што ќе правиме ние ако одиме одеднаш да ги затвориме сите тие, ако му даваме такво овластување на инспекторот ако веќе не сме задоволни од работата на судството.

Јас мислам дека ние како Собрание не треба да имаме сомнеж во работата на судството, заради тоа што многу пратеници тука истакнаа дека има законски рамки како се регулира таа работа. Г-дине Петров, јас те слушам многу добро кога зборувате Вие. И те молам сослушај ме. Ако имаш нешто против, јави се. Никогаш не сум тој што ти дофрлува, меѓутоа не сакам ни да ми дофрлуваш.

Затоа барам како прво, Владата да направи напори сите тие субјекти кои немаат концесии , немаат склучен договор за концесии и т.н., да направи напори да склучи договор или да им даде такви концесии ако се бара од страна на тие субјекти кои немаат до ден денеска обезбедени концесии и после секој е против тоа да биде илегална, или да нема вакви концесии па да почне да работи. меѓутоа, ние ќе бидеме и понатаму против на инспекторите да им ги зголемиме овластувањата, заради тоа што тогаш ќе се дојде во ситуација "кадија те тужи, кадија те суди". И од каде знаеме г-динот Чедо Петров вели дека, ти веруваш во судиите, јас не верувам. Јас ќе му кажам дека тој верува во инспекторите, а јас не верувам.

Јас мислам дека ќе треба во овој правец во управна постапка, многу добро е регулирано во актуелниот закон и така да остане и понатаму, дека тоа што го кажав и пред малку, ќе одиме да ја земеме радио станицата, недај боже ќе се соберат луѓе пред таа радио станица, па ќе ни дојде една хаотична ситуација. Дали сакаме во Македонија да ни се повторува Србија, Милошевиќ како ги затвора телевизиските станици? Посебно сега ќе ни дофрлуваат сите, посебно пред локалните избори. И сега тука нема политика и нема да се сомневаме дека целата работа е политичка. Затоа јас би го замолил и претставникот на Владата денеска да го повлече овој Предлог за изменување и дополнување на овој Закон, да седне добро да го чита и да излезат на наредната седница со друг предлог, или воопшто да не дојде во парламентарна процедура.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Крале Спанчевски.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас мислам дека во моето претходно излагање кое беше доста исцрпно и беше укажано на многу работи, но по се изгледа или не се разбираме, или не сакаме да се разбереме, односно овој закон секој од пратениците го гледа на свој начин, а мојата претпоставка дека ова е единствена тема за маркетинг, за расправа се оствари, односно предизвика бурни дискусии и бурна дебата.

Јас и претходно истакнав дека со овие измени кои се точно во член 83, односно после точката 10 се додаваат само две нови точки, а правото на инспекторатот е тие по исцрпување на сите други предвидени решенија со Законот за телекомуникации и радиодифузија, кои се однесуваат за спречување на овластено емитување на радио и телевизиска програма, после сите овие исцрпени мерки се доаѓа до спроведување на овие два члена во овој нов закон, односно со мерката привремено одземање. Овде се напомена дека се врши упад. Ве молам, по откривањето на емитување на нов сигнал, односно на откривањето на егзистирање и емитување на некоја нова радио станица, или ТВ станица што би требало да направи Републичкиот инспекторат. Дали кога тој ќе појде, ќе го лоцира и ќе го открие, кога ќе појде да види, да му ја провери документацијата на овој вршител, дали тоа го сметаме за упад. Значи веќе некои ја оспоруваат работата на инспекторатот.

Второ, Републичкиот инспекторат за телекомуникации е составен од истите инспектори кои работат години наназад, сумирајќи го нивното искуство и проблемите со кои тие се среќаваат долги години со однесувањето на кривичната пријава на лицата кои вршеа не законски емитувања во етерот, со години не се преземаше ништо. Значи мерката забрана, или мерката пломбирање на овие станици не вродуваше никаков плод. Се зборува дека сето ова треба да се реши во законските рамки и да се регулира со постапка, односно со управната постапка со членовите 58 и 59. Па истите овие членови постоеја и минатите години, но ништо не се преземаше. Значи едноставно тешко се решаваат проблемите и инспекторите овие дела ги водеа со години.

Исто така сигурен сум дека истите овие инспектори кои можеби повеќе се од СДСМ, или од ПДП и не е битно од која партија, сигурно тие немаат цел и ова барање да се воведат некакви вакви членови со кои ќе им се дозволи до каде да ја спроведат својата постапка, не им е цел да ги укинуваат радио станиците, или ТВ станиците на опозиционите партии, како тие би биле обесправени на наредните локални избори. Уште помалку овде се зборува дека за секоја ситница би можело да се одземат концесии. Тоа не е точно, си има закони, а пред се овде се спомена дека во ниедна цивилизирана земја не постојат вакви закони. Ако ние се сметаме за цивилизирана земја и оние кои сакаат да учествуваат во ширењето и пренесувањето на информациите во етерот прво, нека склучат договор за добивање на концесии, па нека добијат дозвола за набавка, а потоа употребна дозвола, рамноправно да учествуваат во пренесувањето на информациите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници, јас немав намера да дискутирам по овој закон, меѓутоа очигледно бев и спомнат во дискусијата на мојот почитуван колега Илија Илоски.

Инаку сум член на оваа матична комисија. На таа комисија го разгледувавме овој Предлог на закон со различни мислења, со различни видувања и јас сега би сакал накратко да кажам одредени согледувања не заради тоа што имам потреба сега тоа да го дискутирам, туку затоа што навистина многу

колеги пратеници во претходните дискусии направија да не кажам една таква збрка од целиот овој закон, што навистина сега луѓето не знаат ни што да мислат во врска со овој закон. Очигледно е дека сме велемајстори да направиме проблем по одреден законски проект, така наречена политичка заврзлама, бескрајна со поставување на многу тези, кои што понатаму ако продолжат да се елаборираат можат во праксата дури да станат и вистински кои што навистина немаат врска со реалноста.

Посебно би кажал во врска со дискусијата на почитуваната колешка пратеничка, која што буквално речено кога почна да дискутира почна од плуралниот амбиент, па дека со овој закон ќе се гуши иницијативноста за отварање на нови, веројатно системи за информирање, или нови програми во етерот и т.н. па понатаму дека ќе се влијае на слободата на медиумите, па дека власта ќе има големи злоупотреби во овој сегмент, па дека ќе упаднува во независни медиуми, ќе ги затвара независните медиуми, па дека постои една параноја на власта спрема такви независни медиуми, па понатаму дека ќе бидат ограничувани информациите и дезинформациите од новинари, па понатаму беше спомната и Анкетната комисија со неоправдани обвинувања, па понатаму апсолутна тишина.

Почитувани колеги пратеници, јас ова тешко можам да го разберам. Сето ова за мене всушност беше на еден начин промоција на незаконското и дивото работење во оваа сфера. Инаку на Комисијата она што го расправавме, мислам дека беше една дилема која што се појави околу членот 83. Дали тој член дава доволна рамка, се она што е диво вклучено во етерот во Република Македонија, а тоа значи дали нема концесија или нема договор, или нема дозвола за работа, или немаат адекватна опрема врз основа на која што треба да добие дозвола за работа и т.н. Дали сето тоа е доволно санкционирано во членот 83 во точка 3, 4 и 5 и дали има доволна рамка инспекторатот во тие членови да интервенира. Тоа беше основната дилема. Ништо друго посебно во тој дел не беше спорно, воопшто не беше спорно дали треба да се стави ред во тој сегмент во радиодифузната дејност, во емитувањето на оние диви радио станици кои што никнуваат преку ноќ, дали законската рамка во тој сегмент овозможува брзо и ефикасно реагирање за затварање на таквите диви емитувачи, заради тоа што навистина повеќе колеги пратеници укажаа на фактот дека и покрај забраната запечатувањето и сите други работи само што инспекторот ќе излезе од таа куќа веднаш после тоа патувајќи со автомобил ја слуша повторно истата радио станица.

Гледано од тие аспекти, мислам дека овој закон кој што се предлага во одредени сегменти ги решава тие работи. Јас тогаш провеав една дилема, која што почитуваниот колега пратеник Илија Илоски ја кажа, начинот на обезбедувањето на услови за привремено одземање на опремата, која што служи за диво емитување, односно недозволено емитување на програма, не во смисол на програмска определба, на она што го емитува програмата, туку дали има дозвола за работа таквата радио станица, или ТВ станица. Тука беше дилемата и јас во тој сегмент предложив соломонско решение, или некое решение по мое видување, за кое што сметав дека можеби да има една правна издржаност, а тоа е во рок од 24 часа по донесување на решението за забрана за функционирање на таквата радио станица инспекторот да прибави судско решение за привремено одземање на опремата. Слушајќи го министерот, образложувајќи дека во Законот за прекршочна постапка и понатаму постојат такви услови за одземање на опремата, или дека со тој дел им се дава овластување на инспекциските служби тоа да го направат, мислам дека законот е сосема во ред, дека тој не влегува во уредувачката политика, дека не влегува во политиката на медиумите, тоа е сосема јасно. Не знам зошто сега тука се обидува на било кој начин да ни се импутира да кажеме дека со донесување на ваков закон, ќе станеме втора Србија, дека ќе ги затвараме независните медиуми, дека ќе атакуваме на нивните програмски определби и т.н. Мислам дека министерот многу добро и пластично образложи дека се работи само за техничко прекинување со работа на таквата дива радио станица и околу тоа мислам дека не би требало повеќе да дискутираме и покрај тоа што навистина овде сега од политички аспект може да се дискутира за ова, или за она што мислам дека апсолутно не држи. Ако помогнав во разрешувањето на овој проблем, Ви благодарам на вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер, сакам да објаснам сосема кратко некои тези кои што се изнесени од страна на опозицијата и не ме

чуди интересот од пратениците, бидејќи почна да се елаборира пред јавноста сосема некои други аспекти, кои што мојот колега Спанаков веќе ги изнесе.

Меѓутоа јас сакам да укажам на една контрадикторност во изнесувањата, а тоа е се спомнуваат веќе постоечки законски одредби и од постоечкиот Закон пред овие измени и дополнувања, што денеска ги имаме пред нас за телекомуникации и Кривичниот законик, за да понатаму се вели дека овие одредби нечинат. Значи ние имаме стипулација која што оди во правец, кој што е објаснет во неколку наврати денеска во дискусиите, меѓутоа едноставно заради бавноста и пренатрпаноста на судовите се гледа едно по ефикасно решение на овој проблем кој што ми се чини не само во оваа сфера, туку и другите сфери ги пренатрупува нашите судови па имаме една таква не ефикасност со огромен број на предмети, кои што нормално физички не може да се постигнат со број на судиите и т.н. и имаме толкаво доцнење на сите тие процеси, кои што процеси па од друга страна создаваат едни негативни тенденции, дали во оваа сфера, а тоа е да се намножуваат диви ТВ и радио станици без добивање концесии, договори за концесии и т.н. И што е сега? Ние тука немаме дилема.

Ние сакаме да се спроведува законот, сакаме пред Уставот да бидат исти и да работат во идентични услови и заправо тоа е на некој начин и уставната рамка, а не некои да плаќаат концесии, да добијат концесии и да плаќаат за тие концесии, а другите не. Не држи тезата и ова е против уставно, бидејќи се работи за привремено одземаше на имотот, впрочем и запечатувањето на куќите исто така ако со ист пристап се согледува оваа материја би било против уставно, меѓутоа не е, бидејќи пак е и тоа една привремена мерка, според тоа и таа теза не држи. И нормално јас верувам дека овие измени и дополнувања на законот би поминале без никаква дискусија, да не се дадеше една политичка конотација во сите овие дискусии нормално опозицијата си има за тоа право. Меѓутоа во нашиот етер без оглед, некои пратеници спомнуваа и некои квантификации, дека треба да се види колкав е бројот на тие што диво работат. Значи во нивните дискусии вирае една намера, да се оправдуваат и на некој начин да се создаде атмосфера за диво работење на тие ТВ и радиостаници што пак велам не држи, затоа што ние сакаме да ја спроведеме законитоста и спроведување на правото во оваа држава.

Спомнато е паушална дека, вакви решенија или слични ги нема никаде во светот. Нека проверат господата што тоа го искажаа, во Данска и многу пошироко имаат решенија каде што сите тие корисници на сервиси во телекомуникациите и те како можат од финансиската и друга полиција и од инспекторатот да бидат затворени и тоа максимум во рок од седум дена. Така што сеење магла во очи не држи од тие аспекти.

Јас мислам дека треба да бидеме доследни, покрај сите оние политички конотации што сакаа да се кажат и да истрпиме, да го спроведеме правото. Ова по мене е еден закон кој што треба да се подржи, затоа што ја појачува функцијата што ја имаше претходното законско решение, каде што целата тежина беше ставена на правосудните органи. Меѓутоа, допрецизирањето е во смисла на брзината на одвивањето на акцијата и инструментите како што ги спомна господинот министер.

Јас посебно не би се осврнувал на излегување од темата на расправата на овој Парламент, нормално тоа може да се користи, меѓутоа да се критикува министерство, да се шири во однос на медиумите, информативниот простор, мислам секој што го изнесува тоа си е свесен за тоа што го зборува.

Посебно би се задржал на некои инсинуации, во смисла на создавање на хаосот, па и една нота дозирана дека еве тој хаос може да прејудицира одредени состојби, кои одат до таму да се споредуваат со состојбата во соседната држава, Милошевиќ и т.н., за една ваква работа што во една правна држава е нај нормална, по мене, најблаго речено е невкусно да се искажува во овој законодавен дом.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Радомир Карангелески за учество во расправата.

За збор се јави господинот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас не чувствував некоја посебна потреба да откривам нови аргументи, зошто не треба да се донесе овој закон, затоа што опонентите на овој Предлог на измени на законот, изложија доволно аргументи зошто не треба да се прифати ваква одредба, ваква измена на Законот за телекомуникации.

Меѓутоа, сакам да проговорам и да застанам на страната на тие што се против ваква одредба, од едноставна причина што таа може многу да се злоупотреби во нашиот недоволен демократски амбиент и во нашата недоволно деполитизирана администрација,

во нашата недоволно неутрална држава кон која се стремиме, ама некако бавно одиме на тој план.

Властодржците во историјата најдобро научиле дека, најсилно оружје против нив е слободниот збор и слободната мисла. И тие научиле дека ако тука успешно се спротивставуваат и колку по успешно ќе се спротивставуваат, толку повеќе ќе ги држат позициите во власта. И не случајно се измислени цензурите и не случајно толку долго опстојуваат цензурите во светот и не случајно уште имаме делови во светот, каде што имаме одредби во некои, дури и устави и закони каде што стои стриктно запишана цензурата против слободниот збор и слободната мисла, а ние до неодамна имавме, односно егзистираше во нашиот систем, цензурата и напишаниот збор, а и цензурата преку така наречениот вербален деликт и на слободниот збор. Тоа ни е многу јасно и сакаме што побрзо да се ослободиме од сето тоа.

Меѓутоа денес нема општество кое сака да се претставува за демократско, а да напише директно некоја одредба со која покажува дека треба или сака да применува цензура на слободниот збор, на слободната мисла. Такво општество кое што претендира на тоа, навистина не ќе си го дозволи. Но, денес постојат други софистицирани методи за примена на цензура врз слободниот збор и слободната мисла. И ние, се разбира, овде можеме да дискутираме со денови и да не се согласиме, меѓутоа индиректните видови на цензура кај нас исто така постојат и со некои одредби ние можеме да ги поттикнеме. На пример можеме ние да не напишеме цензура, да изрекуваме, меѓутоа ќе ги одредиме цените за концесијата толку високи што ретко кој може да ги плаќа годишно и еве ти ја цензурата на индиректен начин во ова сиромашно, од економска гледна точка општество. Или ќе пропишеме високи технички норми кои малкумина можат да ги исполнуваат и еве ти ја цензурата, затоа што општеството ни е навистина многу сиромашно и на тој начин ќе овозможиме разни монополи.

Се разбира, никој не е против нелојалната конкуренција, ама има многу работи кои треба да се направат на друг начин, против нелојалната конкуренција.

Еве јас ќе го запрашам министерот за сообраќај и врски и сите вас и опозицијата ќе ја запрашам, што значи позицијата на МРТВ, на пример за поимот нелојална или лојална конкуренција во нашето општество. Оваа пак директна материјална закана врз луѓето, исто така може да биде злоупотребена и да спадне во методите на индиректната цензура.

Затоа јас, навистина сакам да се приклучам кон оние кои се против донесувањето на овие измени на законот, затоа што навистина нема смисла инспекторите да добијат директно овластување да запленуваат опрема. Можат други мерки, по заострени мерки да се воведат за да се постигне истата цел. Но, директно да се конфискува имотот на еден субјект што го поседува, што го купил регуларно, навистина тоа не е добра мерка. Ако некои мерки ќе се применувале, па заради тоа не се воспоставува така наречениот третман, не се криви мерките туку виновно е не спроведувањето на тие мерки и органите што конкретно не ги спроведуваат тие мерки, затоа што ако одиме по таа логика и се запрашаме што ако и оваа мерка вештиот човек успее да ја изгради. Каква мерка ќе пропишеме тогаш, ќе му дозволиме на инспекторот да изврши директна егзекуција врз тој што ќе најде начин повторно да емитува, без концесија, без технички норми или без уредно платена концесија и т.н. Таа логика може да не одведе многу далеку. Затоа јас сум против ова решение.

Би сакал една мала исправка до господинот Вејсели, кој што ја употреби народната дека во случајот произлегува - "кадија те тужи, кадија те суди". Таа работа кај нас веќе не важи. Кај нас има сега една друга која вели - "арамија те тужи арамија те суди". Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Петар Гошев за учество во расправата.

Дами и господа пратеници имаме повеќе од 15 дискутанти пријавено.

Очигледно сме заморени.

Јас денес ја прекинувам седницата и ќе продолжиме со работа во вторник во 11 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,45 часот).